СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Педесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 јануари 1993 година

Скопје, јануари 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД II ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 54-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 15.I.1993 ГОДИНА**


1. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - стр.2
2. АНДОВ СТОЈАН - 2, 3, 6, 9, 14, 101, 133
3. АБДИ ФАИК - 59
4. АЛИУ ХАМИД - 100
S. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 107
6. ГОШЕВ ПЕТАР - 35
7. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО - 4
8. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР – 10, 12, 56, 69, 114
9. ДАВЧЕВ САНДЕ - 72, 74
10. ЃОРЃЕВСКИ ДУШКО - 93
11. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 75, 105
12. ЕМИНИ ЗУДИ - 104
13. ЗАФИРОВСКИ ГОРАН - 78
14. ИВАНОВ ЉУБИСАВ - 44
15. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 54
16. КОТЕВСКИ Ѓ0РЃИ - 2, 3, 19, 21
17. ЛИЧОСКИ ВЕЦКО - 127
18. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 92
19. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 74
20. МАНЧЕВСКИ ЈОВАН - 48
21. МУРТЕЗАНИ АБДИ - 31
22. НЕДЕЛКОВСКИ БОГДАН - 7, 8
23. ПЕТРОВ ТОДОР - 79, 115
24. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 14, 118, 132
25. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 10
26. САБРИУ ИЛИЈАС - 73, 75, 78
27. СТАМЕНОВ РИСТО - 68
28. СТЕВКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 66, 115
29. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 65, 110
30. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 57
31. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 113
32. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 8, 15
33. СТАМЕНОВ РИСТО - 17
34. СТЕФАНОВСКИ ПЕТРУШ - 85, 134, 135
35. ТРАЈКОВСКИ ПЕТРЕ - 29
36. ТРПЕВСКИ ЉУПЧО - 983
37. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 23, 24
38. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 32, 33
39. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 50, 97, 128, 133
40. ХАЈРЕДИН ЏЕВДЕТ - 61, 69
41. ШАКИРИ ХИСНИ - 88


крај на седницата

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Педесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 15 јануари 1993 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам службите да ги повикаат сите пратеници да дојдат во салата.

Продолжуваме со работа. Присуствуваат 77 пратеници.

Пратениците Александар Гештаковски, Славе Наумовски, Благој Тошев, Симон Наумовски, Бранко Арсовски, Димитар Поповски и Гоце Андоновски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува,

Продолжуваме со општиот претрес. За збор се јави господинот Флоровски.

Но, господинот Митко Анастасовски има процедурално прашање.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ќе кажам само два збора. За жал, пак немаме претставници од Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме министер за финансии.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Еве видете но вчера кога зборувавме претседателот ми кажа да не кажам ме излажа, слези Митко не седи два дена тука ќе ти го дадам писмото. Ми се чини дека седницата не треба да продолжи дури претседателот на Владата не ни го покаже писмото од тој Сорос. Вчера ја прекинавме седницата токму кога зборуваше Котевски и треба да продолжи тој, а не Флоровски. Пред да продолжи Котевски треба да го видиме писмото во оригинал, затоа што ќе настанат полемики исто како вчера.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете писмото го добив овде во Собранието, тоа е умножено и ви е поделено. Тоа е објавено и во странскиот печат, ако мислите дека има било каков спор околу писмото, можете да му се обратите на господинот Сорос, тој го испратил, дали го испратил или не. Ако е фалсификат проверете и утврдете. Не е потпишано од Милчин, писмото јас ви го доставив и ако има било какви спорови, адресата на Сорос можете да ја добиете и проверете се што треба. Но, треба да знаеме дека сега не е на расправа писмото, туку Законот. А за тоа, дали писмото е од Сорос или од некој друг вие ако се сомневате знаете каде е Сорос и ќе проверите. Немаме што друго да расправаме за тоа. (има негодување во салата, се вика дека е писмото фалсификат)

Продолжуваме со работа.

За збор се јави господинот Флоровски, но тој не е моментално во салата, а збор бара господинот Котевски, процедурално.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ**

Почитувани дами и господа, вие знаете како заврви последната седница и јас би сакал токму заради тоа да укажам на некои неправи-

лности кои претседателот на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Е, видете за тоа ќе укажете кога ќе покренете прашање за одговорност на претседателот, тогаш се расправа, а сега кажете процедурално за оваа точка.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Точно процедурално затоа што бев неосновано прекинат без никаква причина, а исто така бев на ред за дискусија и си го чекав тој ред. Исто така, претседателот го прекрши деловникот одземајќи ми го зборот без разлика на тоа што јас апсолутно се држев до темата и она што беше за дискусија и од претходните дискутанти.

Друго прашање е што претседателот на Собранието беше отсутен извесен период, па него го заменуваше потпретседателот Тито Петковски. Со оглед на таквите факти јас мислам дека одземениот збор нормално ми следува односно редоследот на дискусијата ми следува мене и јас треба да продолжам со дискусија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам само еден момент да се разјасниме. Дали сум го прекршил деловникот или не може да одлучи Собранието по постапка за утврдување на одговорноста.

Друга работа, дали вам неосновано сум ви го одзел зборот сакам да ви кажам дека јас вас два пати ве опоменав да зборувате за тоа за што сте дошле, вие меѓу другото зборувавте и за тоа кој да излезе од салата кој да не излезе, сакавте да држите ред овде а не јас,тоа е недопуштено и по два пати опомена ви го одзедов зборот. Така е тоа во постапката. Инаку, ве молам ако мислите  дека за тоа што еден дел јас

не бев присутен на седницата, па заради тоа не сум бил во тек дека вие сте одговарале некому во тоа време што зборел и заради тоа сте излегле од темата, се согласувам дека е таа можна околност, меѓутоа, јас службено бев отсутен тогаш, па може да се случи и еве прифаќам вие сега да продолжите со расправа, но да се држите за темата за која овде добивате збор. Повелете.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Прво и прво претседателот на Собранието....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пак излегувате од темата.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ**

...јавно кажа овде дека означува пауза на седницата на Собранието, а всушност тоа беше прекинување на седницата, класично прекинување на седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, да точно тоа е моја деловничка обврска во таков случај, а сега дали сакате да зборувате или во што е работата. Ако сакате да зборувате за темата повелете.

(во тој момент пратеникот се повлече од говорницата)

За збор се јави господинот Горѓиевски процедурално.

**ЉУПЧО ЃОРЃИЕВСКИ:**

Јас ќе се надоврзам на тоа што пратеникот Митко Анастасовски го побара овде. Сметам дека овде тоа на некој начин мора да се почитува затоа што минатиот пат тоа беше еден од најголемите проблеми не гледам сега по два дена пауза да запираме на истиот проблем. Имено се

работи за писмото, оригиналот на писмото. Тука ни беше дадено едно објаснување зошто го немаме денеска оригиналот на писмото. Самиот факт што оваа точка на дневен ред трае два дена ако не и три и од самата дискусија околу точката произлегуваат најголем број сомнежи недоумици, размислувања, нејасни ситуации, јас пак повторно ќе кажам зошто и што е проблемот ако тоа писмо веќе е пристигнато во оригинал во ова Собрание или на некое друго место во Скопје, па од таму е пропратено до Собранието, што е проблемот да се умножи и да се види оригиналниот дел на писмото. Ова Собрание, овие пратеници на секоја седница на Парламентот добиваат по илјадници страници материјал. Еве погледнете пред вас колку имате умножени материјали. Во што е проблемот да се направи по една фотокопија и да го видиме писмото со тоа сомнежот ќе се оттргне од сите нас и нормално ќе работиме по она што се нарекува конкретен закон. Јас не гледам навистина ниту една минимална причина овој документ кој е пристигнат во оригинал да им се подели на пратениците. Илјадници претставки, жалби, соопштенија, барања пристигнуваат во ова Собрание, тие се даваат на увид на пратениците, кој е проблемот сега едно писмо кое е пристигнато на легален начин во Република Македонија да им се ускратува пратениците да го видат во оригинал. Не гледам ниту еден проблем, а ако не се појави тоа писмо во оригинал навистина ќе ни остане на сите нас еден голем знак на сомнеж дека навистина некој направил фалсификат во Република Македонија и еве сега се крие за да своите манипулации ги сокрие за сето тоа. Значи, вие можете да продолжите и понатаму со оваа седница, меѓутоа јас ве уверувам дека и кај пратениците и кај сите кои го следат овој пренос ќе остане да виси тој огромен знак на сомнеж дека се работи за некоја нечесна работа, нечесна игра во целата оваа ситуација за која сме сведоци денеска.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, пак излегувате од темата. Прво, не е на дневен ред писмото, туку Законот. Ние не можеме сега да расправаме за писмото како за точка на дневен ред.

Друго, тоа што е добиено во Собранието вам ви е поделено. Нема ништо друго добиено од тоа што вам ви е поделено. Само е добие- но на англиски јазик преведено е и вам ви е поделено.

(пратениците бараат да им се подели на англиски јазик)

Добро, нека се подели на англиски, само тоа не значи ништо за кое ние треба овде да расправаме. Ве молам никогаш до сега оригиналите на странски јазици не сме ги делеле овде.

(од место бараат со потпис)

Јас незнам вам што ви треба, барајте си од него. Тоа што сме го добиле сме го испратиле. Доколку не сте задоволни....

(од место пратеникот Петре Трајковски нон стоп дофрлува тоа е пљачка, вие учествувате во таа пљачка)

Не, не можеби вие сте навикнати на пљачка, па другите ги обвинувате неосновано. Сакам да ви кажам немојте "пљачки" и такви работи ако немате доказ за таа работа. Ви го дадовме тоа што е добие но, не зборувајте од место. Ако е фалсификат можете да го барате од господинот Сорос да ви потврди дали е фалсификат. Тој има адреса и можете да се јавите. Само за писмото не расправаме сега.

Процедурално бара збор господинот Неделковски.

(од место Петре Трајковски, ако не беше писмото закон немаше да носиме.)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е точно писмото нема врска со тоа.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Јас мислам без потреба се расправаме кога и писмото и законот дојдоа во пакет. Писмото беше во содржината на Законот. Образложението на Законот е содржано во самиот текст на писмото. Јас бев вчера го водов оригиналот во архивата, бидејќи оригиналите доаѓаат во архива, ако оригиналот е тој што јас го видов без потпис и што го имаме ние тука е пишувано на македонски, тогаш значи господинот Сорос знаел убаво македонски да чита и пишува и зборува го напишал и го пратил без потпис. Во тој случај јас ќе му верувам на господинот Сорос доколку видам и со него разговарам на чист македонски јазик. Господинот Флоровски знае многу убаво унгарски јазик, а тој е од Унгарија, па може да разговара со него, а кога доаѓа писмо се носи во архивата, а ако е во приватен џеб кај некој претседател или потпретседателите отиден оригиналот, па само овде е доставен преводот, тоа е друга работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам господине Неделковски зборувајте процедурално во врска со Законот. Што има тука процедурално?

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Процедурално е во тоа дека овде никој не се научил да краде од кај нас, но за мене со ова писмо што е тука со 2 5 милиони долари има, има подмитено македонци и чесни македонци, а нема големи и мали македонци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, за тие инсинуации вие треба да наведете доказ, се разбира.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Доказ за овие 50 години како што рече претседателот на Владата дека е горд што е комунист јас би му кажал нека оди па нека го види народот со торбичето на рамо проси и бара по кантите за ѓубре е тоа е вашата економија и тоа е нашиот доказ за вашата немоќ за овие 50 години.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е ваша пропаганда, а треба доказ за ова што го велите. За збор се јави господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, не сакам да се впуштам од здравствени причини, меѓутоа, да симнеме од дневен ред едно сомнение. Јас нема да се придружам на опозицијата ако пред себе навистина немав една работа, ова писмо што го даваат на македонски јазик. Не е битно кој јазик, но битно е кој го испраќа до ова Собрание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте да упаѓате.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова се испраќа под број 091-227-108 тоа е телефонот на господинот Владимир Милчин со кој тој работи и сега преку неговиот факс се испраќа некој превод што не е битен за ова и не прават луди Имаме доказ на самото писмо почетокот е на латиница, а понатаму продолжува кирилица. Не е битно што ќе биде со ова писмо само е битна чесноста, а господинот претседател што не упатува дека ние не треба да расправаме за ова' писмо, па ако сакаме да знаеме со кој имаме работа ќе знаеме и што е напишано во оваа работа. Ова е најголемо тело во

Македонија, тоа е претставничко тело и ако тие претставници не знаат што треба да се работи во оваа држава се прашувам дали ќе треба да одиме некаде да бараме известување што не упатуваше господинот претседател Андов, ако ве интересира одете кај Сорос да го видите писмото. Еве кој го праќа. (покажува на писмото) го праќа Владимир Милчин. (од место прашуваат кој е тој) Тој е некој си претседател на оваа фондација, јас не го познавам, ве молам нека претставникот на Владата биде поискрен пред ова Собрание, ќе бидеме поискрени и пред народот и пред сите ако го земеме овој заем што ќе биде со него, како ќе биде дури тогаш нема да имаме ниту расправии, ниту караници, се работи за финансиска помош. Меѓутоа, ако финансиската помош биде или понижување или злоупотреба од една општествена формација во оваа држава, тогаш не знам кому ќе му користи тој заем.

**СТОЈАН АНДОВСКИ:**

Ве молам само да се разјасниме овде. Јас кога велам дека ние не треба да се исцрпуваме околу писмото ја имам во вид позицијата на Собранието. Собранието е законодавен орган и треба да ги почитува законите. Овде писмото е од господинот Сорос, а пропратно писмо со кое е овде испратено, токму на адреса на Собранието е од неговата фондација овде и овластеното лице Владимир Милчин. Чекајте ве молам, во пропратното писмо нема никакви политички конотации само се укажува дека текстот што требаше да биде прочитан од господинот Сорос овде, тој е задолжен нам да ни го препрати овде. Сега видете, ако Собранието се држи до законите треба да појде од фактот, а тоа мораме, фондацијата што ја претставува господинот Милчин а која по закон е регистрирана овде според тоа, има регистрација (пратениците бараат да ја видат регистрацијата) е сега видете но ние не сме полиција господа, ние сме Собрание, не сме ни суд.

Збор бара господинот Голубовски.

I/10

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Сакам да дадам еден конструктивен предлог• Очигледно дека СДС направило лоша проценка и сакаше да подметне некои свои политички ставови во сферата на економијата и социјалната политика. Јас предлагам тие да имаат храброст и чесност и да го повлечат тоа свое писмо за да можеме да разговараме само за содржината на она што значи пред- лог закон за кредит, околу околностите. Инаку доколку не го повлечат тоа писмо сметам дека немаат ни минимум кредибилитет да зборуваат воопшто дека се одговорни за она што се случува во Македонија и дека треба да ја напуштат владејачката коалиција, едноставно да се откажат од власта, бидејќи кон што не водат е очигледно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Зборувајте само процедурално. Еве и господинот Поповски бара процедурално.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Не, ова не е процедурално, туку настапувам во името на СДС и во името на пратеничката група на СДС.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во името на СДС овде не се зборува, само во името на пратеничката група. Ве молам тој може да повика, ако сака, и ловечко друштво, тоа нема право да дојде. Овде се зборува само во име на пратеничката група не може некој да ве испровоцира и вие да наседнете на тоа.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Не, не јас говорам во името на пратеничката група на СДС и мене ми е сосема нормално и јасно дека половина од овој Парламент се служи

со интриги и лаги, тоа го видовме вчера во соопштението а го гледаме и денеска во истапите овде, меѓутоа, тоа што сака некој да го лаже нека го лаже, тоа е нормално, меѓутоа јас сум должен, бидејќи беше спомната пратеничката група на СДС да кажам дека СДС нема никаква врска со писмото кое е испратено овде, писмото е испратено од филијала на Фондацијата на господинот Сорос која е приватна фондација и кој си има овде филијала која го пропратила до нас. Вие немојте да се секирате многу за господинот Сорос дали некој го измамил овде,верувајте дека ако тој го измамил овде ќе си расчисти во Фондацијата. Ако вие имате политички намери заради тоа што господинот Сорос не се согласува со вас, па вие еднаш мора да сфатите дека тоа што цело време го мислите дека во Република Македонија само вас некој ве поддржува и дека светот мисли дека само вие сте тоа што треба, сега кога гледате дека светот мисли поинаку на пример еден репрезентативен претставник од светската политичка сцена господинот Сорос, очигледно дека дијаметрално спротивно мисли и тоа вие мора да го прифатите, а се додека мислите дека или како вас ќе мисли или тој кажува лаги, тогаш вие самите се лажете. А тоа што сакате овде пред камери да разговарате господини Голубовски дека СДС е одговорен за писмото, тоа нека ви служи вас на чест и нека ви биде ваш политички маркетинг,немојте да го мешате СДС. Обично велат тој што тоа го прави секој пат го припишува на другите. Еве сега реплицирајте ми, повелете.

Господинот Голубовски има право на реплика.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Колку што знаеме законот изричито забранува финансирање од надвор на политички партии во Република Македонија. За мене оваа фондација не значи ништо друго, туку политичко финансирање на одредени ставови, кој апсолутно се неприфатливи за Република Македонија и незнам како не чувствувате дека веќе апсолутно народот не ве прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте сега, не сте вие народ. Немојте ве молам ни во име на партија, ни во име на народ овде никој не може да зборува. Секој си зборува како пратеник и пратеничка група.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Мислам парламентот кој што е законодавно тело треба пред сите други да се однесува во заштита на она што е регулирано Законодавно и да не дозволи финансирање на една политичка партија од надвор со средства од надвор. Исто така мора во парламентот да дојде една информација зад која што некој одговорно ќе стои да ни ги објасни точните цели на фондацијата, зошто тие се само во источна Европа, дали тоа не значи дека на еден начин се избегнуваат некои други обврски за случајот на господинот Сорос кој што сака да ги искористи системите кои што се распаѓаат за да може да доаѓа до материјален профит.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа не е на дневен ред. Фондацијата не е на дневен ред.

II/2.-

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

За мене е спорна фондацијата, бидејќи политички веќе дејствува. Ако таа фондација тврди дека Македонија е мултинационална држава за мене е веќе потребно Собранието да се изјасни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа не е на дневен ред господине Голубовски. Предложете да дојде на дневен ред тоа.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Сакам да кажам дека СДС е тројански коњ на антимакедонски тенденции.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза од 15 минути.

II/3 / РД/лј

( ПО ПАУЗАТА)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сеуште сме на општиот претрес, за една процедурална интервенција се јави господинот Пановски. Јас му се извинувам на господинот Пановски. Јас му се извинувам на господинот Пановски што не можев да обезбедам да зборува кога му дадов збор.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Во врска со оваа точка јас дискутирав уште првиот ден и тоа што го кажав сеуште стојам на тоа и немам намера да се повторувам. За едно мало предупредување да ве замолам ако може, бидејќи ценам дека оваа точка уште многу време ќе треба да ја дискутираме и нема да ја завршиме. Дали може да ја обработиме прво четвртата точка за состојбата со електрична енергија, посебно со ограничувањето на потрошувачката, па откога ќе ја завршиме четвртата точка, повторно да се навратиме околу фондацијата. Доколку продолжиме со расправата, а денеска не ја обработиме оваа четврта точка, тогаш во многу блиско време, ценам дека воопшто не ќе можеме да расправаме, затоа што ќе немаме електрична енергија,ако денеска не заземеме конкретни ставови, со кои што ќе ја обврзиме Владата за применување на тие ставови. Тоа е мојата замолница, а потоа ќе имаме повеќе време за расправа и претрес на точката во врска со кредитот од господин Сорес.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ова е една сугестија како да излеземе од оваа сега загрижувачка ситуација, но кој нам ни гарантира дека по таа точка ќе се договориме, дека нема да се случи името. Ние сега ако сме во центарот на оваа точка, би требало сепак да продолжиме по неа Бидејќи ова е врзана точка, рестрикции се повеќе ќе има, ако ние немаме пари да увеземе енергија. Енергијата е увозна кај нас претежно

II/4.-

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Не рестрикција, мрак ќе има.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Верувам, верувам, вашето укажување е сосема во ред, што се однесува за енергетската состојба, меѓутоа, ние сега се наоѓаме и тоа е врзано за енергетската состојба, како не, ако немаш пари немап да платиш.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Текстот на ова писмо што ни се дава сега овдека, сакам едно да се разјасни: што пишува во него, поради непознавање на англискиот јазик, не сакам и не можам да кажам што е. Меѓутоа, за среќа во него стојат арапските бројки кој означуваат броеви на телефони, броеви на датуми, на месеци и година. Дали јас сум во заблуда или не, оној што ни го достави ова ќе мора да ми одговори за да застане до еден момент на уверување дека навистина ако одиме натаму нема што повеќе да откриваме, дека со нас некој сака да се игра овдека, се дава ли писмо на англиски јазик, дали е тоа така или не, стои дека пратено е и добиено повторно под истата бројка 38,тоа е за Македонија без 99 ако дојде од страна, 91 е ознака за Скопје, 227 - 108, тоа е таа фондација на господин Милчин. Меѓутоа, да се прекине ова Собрание да се докаже дека има нешто на 13, ова доаѓа пак од истата фондација на ден 14 јануари 1993 година под истата таа бројка. Меѓутоа и така нека е, не ми паѓа в очи. На крајот сега овој наводно оригинален документ стои потпишан, дали е тоа потписот на господинот Сорос, не сум овластен, ниту сакам да му го проверам потписот, не би било достоинствено ако некој човек стои зад ваков потпис. Меѓутоа, што овдека битно. Нема 5 јануари 1993 година. Во превод е преведено она што не стои на ова писмо. Господа пратеници, пак ќе кажам, мене не ми пречи дали тој заем ќе се земе или не, јас велам дека треба да се земе, ако намерите се искрени и чесни, меѓутоа,ако со нас вака се говори писмено од организаторот, односно од

претседателот на Собранието секој момент да ни дава од кога ќе се открие една работа да одиме во истражување понатаму, не е чесно како пратеници ние овдека да вршиме судски следувања и говорам нема да вршиме судски иследувања меѓутоа, должноста на пратеникот е пред да ја крене раката за една законска конструкција, дали ќе гласа или не, ќе треба да ја знае генезата на истиот закон. Ќе треба да знае што на тоа се темели, кој стои зад тоа, што се причините и што од тој закон се добива, а што се губи. Ако вака некој мене ми ги тренира и ми ги проверува нервите дали јас сум разумен или не, кажувам дека така не можеме да стигнеме далеку. Овие пари велат ни се потребни. Јас незнам на кој не му требат пари на овој свет денеска. Меѓутоа, повторно повторувам достоинството нема пари. Достоинството има само достоинство. Овие зборови ги кажувам како одговор на еден пратеник што кажа одовдека, господинот Поповски што не другите им е криво, кога тие можат да добијат средства. Тие средства не ги добива партија, туку овие средства треба да ги добие држава како Македонија и таа треба да се задолжи, треба да се враќаат тие средства од резервите на државата, а не да ги зема партија, а државата да ги враќа. Тоа е исто јас да се задолжам, а државата да ги враќа трошоците. Тоа е многу убав заем, таков заем е извонреден, таков заем подобар не може да биде и за него не треба да се расправаме. Меѓутоа, бидејќи мене ми недостасува економска подлага за оваа работа да расправам, се задржувам само на овие предуслови, дали е додека навистина е некоја чесност или не. Овие господи што се од финансиска насока ќе треба да излезат пред отворени, јасни показатели. Ова е ова, и ова, дали нема да биде, без разлика на кој понижување,ако припаѓа на било која партија, ако во тоа писмо се спомнува нешто во негативна конотација.

II/6.-

Кој сака нека биде, ако може тоа да го поднесе да кажува дека поголем е државниот интерес, од неговиот партиски, јас ќе му кажам извонредно

Меѓутоа, ако се оди на тоа тој партиски интерес има понижување на државниот интерес, затоа што се споменува, за жал, мојата партија овдека како една од факторите за дестабилизација и дека ова писмо се преведува од господинот Милчин, па откако направил една грешка, доаѓа во втора грешка оригиналниот документ пропуштува нешто да преснима, односо превел нешто што нема во писмото. Затоа стои сомневање, сомневањето не е ништо повеќе, туку несигурност на една држава.

**РИСТО СТАМЕНОВ:**

Јас трпеливо слушам можеби пет шест месеци како имаме на дневен ред една точка, а поминуваме на дневен ред со други точки, јас би замолил следното: ако сакаме да решиме одреден проблем, ние мора да се одлучиме денеска, пред да поминеме на било што, или да расправаме по писмото во кој што имате меѓупартиски разидувања да расчистите, или да се одлучиме да расправаме по понудениот кредит. Јас имам полно работи, бидејќи тоа ми е и фах на работата да кажам и да поставам прашање по овој кредит. Ако ние така не го разграничиме овој проблем, ние не ќе можеме да го решиме ова прашање, а точката ја прифативме како итна, да се реши за пар часови, за да може ова да се реализира. Оттука, молам, ако се одлучиме да се расправа по писмото, тогаш да расправаме по писмото, да одлучиме колку дена ќе расправаме и откога тоа ќе се расчисти, тогаш да поминеме на дневен ред да можеме по овој кредит да кажеме и да бараме од Владата појаснување, она што е во законот дадено , во тие неколку податоци, тоа не е доволно овој закон овде да се донесе,затоа што нам ќе ни требат уште други информации, под кои услови она што премиерот го зборуваше овде ќе се добијат овие пари, за што пари не се добиваат од странство вака на црни очи или на зборови, за нив ќе треба гаранции, супер гаранции,

осигурување итн., и цената на тие пари и враќањето нема да биде баш такво како што е. Затоа мојата молба е, или да се расправа по едниот проблем, па откога ќе се заврши по него да се помине на оној суштински дел. Инаку не ќе можеме да излеземе од оваа ситуација да донесеме закон да ги користиме овие работи. Ако инаку сакате, тогаш ќе трошиме енергија уште незнам колку, а решение нема да најдеме.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, ќе ми дозволите едно мало кусо образложение само во интерес на она дали да се донесе или да не се донесе законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

А, за законот, чекајте, тоа не е процедурално. Ве молам, ќе си добиете збор за тоа.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Во истиот тој стил во кој зборуваше претходниот дискутант, сакам само да ги појаснам работите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде, појаснете.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Добро што се смилува господинот претседател.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, зборувајте, имате збор сега.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Многу битна работа е што овој кредит што се зема од странство тоа е фондација, а таа фондација има претставништво во Република Македонија и секоја фондација што нуди такви квалитетни средства да се земат како кредит има и одредени услови, мерила и критериуми под

кои го дава тој кредит. Овде во овој случај таа фондација се знае кој цели ги има, отворено општество, мултикултурна заедница итн. Значи, ние не можеме надвор од рамките на овој закон да не го земеме предвид она што претставува основна цел, идеја и намера на фондацијата да го спроведе во соодветните земји каде што има свои филијали. Тука е цела дилема, затоа што видете, ако не се појавуваше Република Македонија како држава и овде овој закон да го донесува ова Собрание, ако земеше некоја приватна фирма или друго правно или физичко лице, тогаш не ќе имаше никакви дилеми овде. Дали ме сфаќате? Една голема идеа, едно отворено општество кое го прокламира оваа фондација, ние треба како парламент сега, неговите идеи треба да прострујат и низ овој парламент, значи, ние треба да бидеме гарант за тие негови идеи што треба да се спроведат во Македонија, почитувани пратеници. Немојте да мислите дека ова е прост кредит, дека се работи само за каматни стапки колку треба да изнесува профитот на овој господин. Во прашање е една идеа, отворено општество, а тој не залудно во сите источно европски земји каде што се распаѓа социјализмот нуди една ваква друга солуција отворено општество и доколку ми дозволите, бидејќи сум и на ред за дискусија, после имам и доволно релевантни аргументи сето тоа да го образложам доколку сакате да ме сослушате, се со цел да помогнам за да излеземе од ваквата мат позиција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има други интервенции од процедурален карактер? (нема)

Господине Котевски, повелете земете збор за законот.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ;**

Веднаш морам да истакнам дека сите говорници што дискутираа овде кажаа дека донесувањето на овој закон по итна постапка има две димензии , или два аспекти. Истото го кажа и премиерот Бранко Црвенковски.

Едниот аспект е самиот закон врз кој се уредуваат правилата и критериумите за земањето на овие кредитни средства, со колкава камата, времено враќање итн.

Вториот аспект, и самиот истакна дека е политичкиот аспект на овој закон. Значи, тие се поврзани како сијамски близнаци и ние не можеме надвор од овие аспекти да дискутираме за тој закон. Токму за тоа сакам да дискутирам и ќе дискутирам затоа што новиот Устав на Република Македонија, кој ние го гласавме во ова Собрание и знаете кави копја се кршеа, уште во првиот член, да не ја спомнувам и преамбулата, еве го цитирам првиот член: "Република Македонија е суверена самостојна демократска и социјална држава". Никаде во овој Устав не се споменува мултикултурна, мултинационална држава, како што овде деновиве некои од официјалните првенци на Република Македонија го пласираат. И некни сакав јас да укажам дека тоа е опасната теза која се провлекува овде во Македонија. Ние не смееме од овој највисок акт на Република Македонија да излегуваме од неговите рамки и се треба да произлезе од него и така треба д^ се однесуваме.

Бидејќи околу законот немам повеќе што да кажам како текст, се што е внатре искажано е врет, немам никаков приговор, меѓутоа имам приговор на овие мои забелешки кои се од политичкиот аспект на оваа фондација и што претставува едно мое видување кое сакам пред вас да го презентирам.

Како човек од она што го знам и познавам, а сум бил и на запад на работа, јас знам дека секое давање на вакви кредити првенствено мора да биде профитот и тоа е неделиво. меѓутоа, нудењето на отворено општество апсолутно се коси со нашите залагања овде во Република Македонија и особено со она што ние денес како Република Македонија го правиме на меѓународен план околу признавањето на нашата држава. Затоа, јас велам дека нема отворено општество, туку за мене постои само организирано општество, прав- на држава, во која правата и обврските ќе добиваат степен на можна максималниот, а тоа никогаш не ќе може да има лимит, затоа што гладот за нив во организационото општество или правната држава ќе биде нужен, постојан, т.е. секогаш ќе добива неисцрпни форми. Во таков организиран систем идентификацијата на личноста, субјектот човек и правата на човекот ќе имаат максимално можни граници. Јас ова сакав единствено да го истакнам некни на прекинатата седница, ништо друго не сакав, затоа што апсолутно не смее во оваа држава да се манипулира дека ова е мултинационална држава, мултикултурна итн. Ние тоа го кажавме со Уставот и јас уште еднаш напоменувам и ќе завршам:

Идентификацијата на човекот, на секој човек и на сите оние малцинства што се во Република Македонија, се извинувам националности во Македонија, идентификацијата на човекот почнува од самиот раѓање со ставањето на неговото име, со ставањето на неговото презиме на семејството, местото каде што е роден селото или градот, и понатаму неговата идентификација се врши и со овој највисок акт на Република Македонија, каде што стои: македонец, влав, ром итн. И најпоследната идентификација на оваа држава и на македонската нација и националностите ќе биде признавањето во Обединетите нации, ставањето на Македонското знаме и ние сите ќе се идентификуваме со

тоа знаме. Затоа велам дека оваа фондација за мене крие несогледливи последици, доколку ја пласираме оваа теза за мултикултурно општество, затоа што тоа е својствено на конгломератните држави кои се појавија во минатиот и овој век, а тоа е Австралија, Америка и некои други земји.

Благодарам и Ви благодарам за трпението.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дискутираме за законот, нели нема веќе процедурални интервенции?

Има збор пратеникот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Пред да почнам со својот говор, бидејќи многу прашина се крена околу фондацијата Сорос, само би ги претставил членовите на оваа фондација од Македонија: Гунер Исмаил, министер во Македон- ската Влада инаку од СДС, господинот Владимир Милчин од Претседателството на СДС, господинот Јане Миљовски исто министер во македонската Влада од СДС и господинот Аслан Селмани од коалицијата ПДП-НДП. Тоа е грото на членството во оваа фондација за Македонија. Инаку, извршен директор е некоја си Бека Вучо, по националност србинка, живее во Њујорк.

Сега би почнал со моето образложување околу законот и околу писмото, така што не би сакал претседателот да ме прекинува воопшто.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа никој не сака, но ако дојдат такви услови, мора.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Бидејќи и премиерот зборуваше за се и сешто, јас ќе зборувам само за две работи, околу законот и околу писмото.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само за законот расправаме.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Добро, ќе видиме дали ќе биде само за законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само за законот.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Како Македонец, пред се, би сакал да се заблагодарам на господинот Сорос за финансиската понуда и искажаната загриженост за судбината на Македонија. Несомнено е дека Република Македонија, како би нагласил дека е македонска национална држава, овозможува рамноправност на сите нејзини граѓани независно од нивната етничка, верска и друга припадност и во таа смисла сметам дека господинот Сорос ја третира како отворено општество, и само во тој домен неа ја квалификува како мултиетничка заедница. Секое поинакво толкуваше на квалификативот мултиетничка, посебно толкувањето кое би поаѓало од концептот за поделен суверенитет во кој како конституенси се јавуваат националностите, верските, етничките и други колективитети е во спротивност со граѓанскиот дух на нашиот Устав, а посебно со неговата преамбула каде децидно се утврдува македонскиот национален карактер на Република Македонија.

Република Македонија претставува израз на континуитет на

македонската државност од времето на антиката до денес, по мене. Градењето на македонската национална свест во 19-от век е најтесно поврзана со политичкиот мит за Античка Македонија која би нагласил дека претставува извонредно битен момент и во очувувањето на македонскиот идентитет во дијаспората денес. Името Македонија претставува проекција на старо македонскиот мит вграден во македонската национална свест, а симболот на државното знаме е само логична последица на тоа. Во секој случај би препуштил на историчарите да ценат за квалитетот на односите  Античка Македонија и антич-ите градови држави - полиси на древна Елада. (Некој од пратениците од место дофрли пратеникот да зборува за законот, на што пратеникот Флоровски рече: "ќе биде и за законот, не брзај", на што реагираше и претседателот Стојан Андов со зборовите: "Ве молам поскоро мине- те на законот"). Исто така, историчарите би требало да ценат за етничката блискост односно дистанца на Античките македонци и античките Елини, а сериозни дилеми кај учените луѓе предизвикува тезата дека денешните грци се директни потомци на античките грци.

Наведените прашања се прашања за науката. Оттаму, просто зачудува фактот што господинот Сорос кој наведува дека не ја знае историјата си зема за право да пресудува за такви суштествени прашања. Без никаква намера било кого да навредам, би рекол дека таков несериозен приод, а кој е пишуван од господинот Сорос не може и не смее да биде манир во однесувањето на еден сериозен господин.

Што се однесува до тезата за територијалните претензии на Република Македонија кон Република Грција, истата ја сметам за апсурдна барем од две причини. Првата е содржана во документите

изгласани во овој парламент, во кои се гарантира неповредливост на границите. Втората произлегува од објективната не можност Република Македонија војно да ја загрози Република Грција, која е член на НАТО и на Европската заедница. И ако господинот Сорос во своето писмо изразува дека високо го цени ВМРО-ДПМНЕ, за кого смета дека и самиот е доволен да ја загрози Република Грција, на што нај искрено сум му благодарен. И од каде таквото мислење кога пратениците од ВМРО-ДПМНЕ во овој парламент прифатија и апсурден уставен амандман со кој Република Македонија се обврзува дека нема територијални претензии спрема соседите.

Од писмото на господинот Сорос кое е дадено во "Пулс" и е на нашите клупи пред една недела, стекнав впечаток дека споменатиот господин смета дека е извонреден познавач на македонската политичка сцена, што според негово видување е доволно за категорично да ги дели партиите на екстремни и умерени, односно владејачката идејно и акционо стерилна коалиција да ја квалификува како умерена, а опозицијата како екстремна. Се прашувам кои аргументи господинот Сорос ќе ги понуди во одбрана на таквиот став.

Што се однесува до неговата финансиска понуда, моето внимание го привлекоа следните моменти:

Енергетските проблеми на Република Македонија, пред се проблемот со снабдувањето со нафта оваа држава ја исправаат пред ужасот да не и гледа во заби на помошта за надминување на тој проблем. Се разбира, оваа нужност важи и во случајот на господинот Сорос. Но веднаш тука се наметнува едно прашање кое боде очи, но најблаго кажано контроверзно.

За што се работи?

III/9

Господинот Сорос пред се во текстот објавен во "Пулс", а пред тоа и во некои интервјуа дадени за македонските мас медиуми ја афирмира, да не кажам рекламира својата идеа, материјализирана преку фондацијата "Отворено општество" за најрационална можна трансформација на општествените и државните заедници на просторите на кои владееше реал социјализмот, кон парламентарна демократија и економски либерализам. А при тоа, што беше поентата на неговата идеа, тоа го прави од мотиви кои во основа прашање дали се профитабилни, што за успешен западен бизнисмен и по западни критериуми богат човек ќе мора господа да признаете дека е контрадикторно само по себе. Зашто профитот за господата од еснафот и типот на господинот Сорос е библија.

Сега се поставува прашањето кој е интересот на господинот Сорос да влезе во оваа зделка со Република Македонија. Дали интересот се исцрпува, што е тешко да се поверува, само со политичкото влијание врз независната самостојна и суверена Република Македонија, а што е присутно и во писмото објавено и во "Пулс", поверојатно е тоа дека овој извонредно успешен бизнисмен намирисал и добра заработувачка. Зашто голиот алткруизам, да пофторам уште еднаш, не е својствен на луѓето како господинот Сорос. Кој се гаранциите и кој му ги дал за материјализација на неговиот интерес во овој бизнис.

Очигледноста на нужноста да се елиминира мотивот на алкруизам е тоа што се работи за кредит, а кредитот не е алкруизам, господа. Не е спорно дека и странскиот капитал треба да го најде својот интерес, но дилемата произлегува од поширокиот, значи политичкиот ангажман и аспирации на господинот Сорос, исто како и од остварувањето на интересот на Република Македонија во оваа зделка. Зарем бизнисмен

од рангот и угледот на господинот Сорос верува дека Република Македонија во овој момент, по мое мислење, и со вакво стопанство кое е ограбено е навистина кредитно способна, иако господинот премиер Бранко Црвенковски не убедуваше токму во спротивното. Се разбира дека господинот Сорос добро се запознал со состојбите во македонското стопанство и со состојбите на девизните резерви на Република Македонија, што мора да го направи секој професионалец кој дава кредит И кој е интересот на господинот Сорос да влезе во овој бизнис, уште повеќе кога не постојат никакви анализи дека капиталот на господинот Сорос ќе створи профит на страна на должникот, кој ќе му овозможи да го врати кредитот. Ако имаше некаква нота на алтруизам од страна на господинот Сорос, зошто тогаш е толку краток периодот на мирување од само пет месеци. Владата треба да излезе со детална и целосна анализа на сите аспекти на ова зделка, особено за кои намени ќе се насочат средствата од кредитот и дали тие стопански дејности што треба да се сервисираат со средствата, со овој кредит ќе бидат профитабилни.

Следствено од сето досега кажано и во врска со писмото на уважениот господин Сорос вклучувајќи ја дури и зачудувачки неаргументиранатa констатација од крајот на неговото писмо, каде како непожелен грб за Република Македонија се квалификува и земскиот македонски грб, присутен во редица меѓународни грбовници, секаде придружен со натписот Македонија, а што без остаток се совпаѓа со ставот на таканаречените леви партии присутни во овој парламент. Ми наметнува сомнеж дали случајно сета оваа претстава не е само далавера и партиски политички маркетинг на господата од коалицијата присутни во оваа сала и нивната најголема инвестиција господинот Глигоров. Лично сум убеден дека еден сериозен господин како што е господинот Сорос, во никој случај не би се потпишал под вакво писание, кое јас од културни причини се воздржувам да го украсам со соодветни

епитети. Благодарам.

**ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, финансиска помош на оваа држава, на Република Македонија и е потребно и тоа премногу. Но задолжувањето на Република Македонија на овој начин , под вакви услови и од таков заемодавач, кој го знаеме точно по информациите во нашите весници и дневни списанија, тоа за мене е исто како Владата на Република Македонија да земе кредит од нашите шверцери од Бит Пазар, кој шверцери на нашата црна берза и каде би се зел кредит би се зел со поповолни услови заради патриотските чувства на тие луѓе. Дека кредитот како прво образложение ни е потребен за нафта и нафтени деривати е една голема и многу добро кроена лага. Ваков кредит од итен карактер ако треба на оваа република, тоа би требало да биде на пример во нашето земјоделство за нашиот аграр, за регрес на репроматеријали, за увоз на машини, за отворање пазар за нашите земјоделци. Никако не можам да прифатам дека овој кредит од 25 милиони долари е за нафта и нафтени деривати кога знаеме во последно време како приватните увозници докажаа на кој начин и како увезуваат нафта, и тоа кога се лажеше народот дека сме под блокада, бевме под блокада и каква болката кога во најголемата блокада во тоа време приватните бизнисмени многу лесно и на многу брз начин увезуваа нафта и тоа со грчки цистерни и од грчки бизнисмени. Тоа го знаат некој членови до Владата, бидејќи има членови во Владата кои досега имаат везено преку 700 цистерни, член на Владата има увезено тоа може Владата да си го провери преку 700 цистерни деривати и тоа во времето на најголемата блокада. Тука беше пред малку министерот за стопанство и него би го запрашал и премиерот зошто на 15 јануари, односно досега нема издадено ниедна дозвола за увоз на овие деривати.

IV/1.-НН/МЛ

**ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Бидејќи за увоз на тие деривати од приватните бизнисмени тие без Макпетрол и Рафинеријата комплетно можат да ја задоволат потребата на Македонија со овие деривати и да не земаат од никој и ни- каков кредит и како што ни се нуди овој закон денес. Кога тоа нас ние најлесно со наши луѓе, наши почетни бизнисмени да го увезат зошто ни е овој кредит. Нема потреба од никаква итност ни од никаков кредит. Ако е за во други гранки, како што е во земјоделието на она ниво кое е западнато, тогаш за мене има оправдување.

Исто, во почетокот на овие денови, за Нова година, по Нова година се кажа некаква одлука, 10% се намалуваат царинските давачки за увоз на нафтени деривати, а сега знаеме дека увезува само Макпетрол, само монополот. Приватните дали ќе добијат за еден месец, а за еден месец не се знае ни кој е тој профит од тоа. За мене тоа се чисто тешки мафијашки работи. На овој начин покрај вештачкиот маркетинг ќе се створи, или се има намера и почнува да се створи една вештачка криза за деривати. Ние увезовме 40 илјади тони со последниот транспорт а на бензинските пумпи се продава бугарски бензин кој е со многу помалку октани, а по цена од многу повеќе октани. Владата тоа многу добро го знае. Увезениот бензин од нашата рафинерија го нема можеби е во резерви, а народот се лаже со многу поевтин бензин

Опстанокот на оваа Влада, изгледа и нормално е, бидејќи сака да опстане го бара овој кредит, но начинот и намената не се уверливи. Премиерот неќна кога по втор пат говореше на неколку пати изнесе некои аргументи. Никако, и покрај тоа што беше и пред тоа, во усвојувањето на дневниот ред потенцирано премиерот на Владата не го спомна проблемот со увозот на нафтата од приватните бизнисмени. Зошто не се издаваат дозволите и зошто е итен тој закон кога имаме на многу лесен начин, за неколку дена Македонија се преплави со деривати,

без никаков кредит, без да учествува државата. Ние знаеме последниве денови во Западна Македонија приватните бизнисмени нудат поевтин бензин и нафта од Макпетрол и од увозот што ни го нудите овде. Како сега тоа за бензин и за нафтени деривати итен кредит? Појдете во неколку села во тетовско и во гостиварско ќе најдете поевтин грчки, и тоа грчки со далеку повисоки октани и поквалитетен., Тоа што во некои градови некои комунистички инспектори со полиција ги малтретираат приватните бизнисмени што увезуваат нафта, се знае зошто. Зад нив стои Макпетрол и некој што го крепи Макпетрол. Овој начин на земање на кредит, ова раководство што го имаме и овој состав на Владата и начинот и од човекот од кој се зема кредитот, и ако требаше за овој кредит и жирант некој да се потпише сигурно ова раководство ќе го најдеме Џон Битов да биде жирант за ваков кредит, бидејќи меѓу таков бизнисмен и Сорос направам јас никаква разлика. Исто така, и минатата година и пред тоа на ваков начин почна да се дава кредит во соседна Бугарија, не му го знам името од кој господин, па ја олесни за 160 милиони долари. Исто си отвори фондација со 500 илјади: долари, мал кредит и тој мал кредит стана до 160 милиони долари и човекот е некаде во Аргентина, во Чиле. Кои сме после ние моќни да го бараме и 5 милиони долари за нас се многу.

Ваквите бизнисмени, од овој ков, од кој зад нив не стојат никаква индустрија ни некоја светска банка бараат точно жртви како Македонија што е, додека да се признае, додека да се зачлени Македонија во меѓународните банки, монетарни фондови дотогаш ќе ја овалата. Неслучајно ќе видиме по некое време, по месец, два куќни пријатели станале Сорос и Битов.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Дами и господа пратеници. Сигурно претресот по Предлогот на законот за задолжување на Република Македонија во странство што веќе

IV/3.-

три дена се води во ора Собрание од одделни пратеници се користи повеќе за осуда на господинот Џорџ Сорож, а не дали на оваа држава која бара признавање и е потребна помош токму од Запад и дали ова не е уште еден факт кој покажува за фактичкото признавање на Република Македонија.

Го поддржувам Предлогот на законот за задолжување на Република Македонија во странство и ќе гласам за негово донесување. Каде е образот на одделни пратеници кога за помалку важни работи бараме општо партиски консензус. Прашува, дали ова прашање е помалку важно за судбината на нашата земја при една ваква економска состојба предизвикана не по наша вина. Да не го заборавиме фактот дека и нашите неумесни и неумерени дискусии и тоа како придонесуваат за признавањето на Македонија.

Како одговор на некои дискусии на одделни дискутанти сакам да го изјавам и следното. Македонија е мултикултурна и меѓунационална заедница и држава и овој факт е непобитен, но колку е демократска тоа е сосема друго прашање.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господо пратеници. Од почеток јас Предлогот на законот за задолжување на Република Македонија во странство го поддржувам и сакам со оваа моја кратка дискусија да придонесам, доколку во тоа успеам. Ќе прочитам само еден фрагмент од писмото, па ќе можам накратко и да се надоврзам...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте писмото, ајде законот

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

"Сакам да дојдам во Скопје за да и дадам на Владата на

Македонија заем од 25 милиони долари. Со парите ќе може да се набави нафта и да се покријат други потреби во периодот до признавањето на Македонија од страна на Обединетите Нации, САД и Европската заедница. Тоа е т.н. премостувачки заем кој треба да и овозможи на Македонија да опстане се дури не биде во можност да добива финансии од Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го имаат текстот сите.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Овој фрагмент што го прочитав од писменото обраќање на американскиот бизнисмен Џорџ Сорож на македонскиот Парламент од кој јасно се согледуваат, мотивите на заемот што го нуди на Македонија. За жал многумина пратеници сосема ги занемарија наведените зборови наметнувајќи му на писанието длабока политичка заднина.

Овој кредит, поточно е меѓу првите кредити и заеми што Македонија го добила по нејзиното осамостојување и ако сака тој кредит и да го добие. Гестот на Џорџ Сорож и неговата добра волја е I дочекана на нож од страна на некоја господа од парламентарната опозиција, која се чини ги искористува сите средства и сили да при- каже, па и докаже на јавноста дека сето ова е голема политичка

А згорна тоа дека тој кредит и не е потребен на Македонија. Може да се рече дека е добро што се разви дискусија и зедоа учество многумина од позицијата, но на никој не му падна наум да ги аргументира нападите, Ниту еден. Баш ниту еден не се заинтересира да ги спореди условите и каматните стапки што се нудат со оние што ги диктираат шведските финансиски организации. Пример, Европската инвестициона банка која кредитите ги одобрува само за изградба на инфраструктура одредува каматна стапка месечна и тоа од 6,7%, а каматната тарифа на

Меѓународната банка за обнова и развој е малку повисока и тоа 7,2%. За разлика од нив заемот на Сорож предвидува примена на либер камата што се' утврдува секојдневно на Лондонскиот меѓународен пазар за кредити до 3 месеци зголемена за 1%. Исто така никој од противниците на заемот не го зеде предвид фактот дека станува збор за револвинг кредит што значи дека по отплатувањето на определениот износ веќе исплатените рати можат повторно да се користат во рамките на утврдениот износ од 25 милиони американски долари. Всушност овие три дена што веќе се расправаше во ова Собрание политиката што ја води одредена господа од опозицијата и дава шанса на нашата економија да не тргне од онаа точка на 'колапсот. Што. е уште потешко, сакаат на нас,Iпа и на пошироката јавност да не убедат дека на Македонија не и треба JПОМОШ, а најмалку од некој поединец. Всушност, како да сакаат сопственикот да го прикажат од грчко потекло што асоцира на неговото презиме Сорож, за што се постави и едно прашање пред два дена овде - кој е тој Сорож што сака на Македонија да и понуди помош кога Македонија за таков кредит нема потреба. Но, манијата. на гонење повторно се активира во оние редови, па не дозволи до двеста да допрат реалните состојби што ги преживува Македонија, пред се руинираното стопанство за кој опстанок во овој момент не е битно кој ги нуди тие средства.

На крај господа пратеници од опозицијата имајте слух за сите неприлики со кои сите ние секој ден се сретнуваме и да не дозволиме Парламентот да стане полигон за делување против интересите на нашите граѓани. Чудно е, човекот се буни против злото што му се наметнува од надвор и кое доаѓа од надвор, и кое не може и ете така на еден одреден начин да се спротивставува. Но, се чудам кога не може да се бори против сопственото зло што е во неговата власт од поедини господа што често пати овде ја користат говорницата и на јавноста

секогаш не аргументи туку и дезинформации и даваат. Во Македонија, во дамнешната Македонија, па и денеска имало многу умни луѓе меѓу кои од таков вид ги сметаме и Илинденците. Слушајќи некои истапи на поединци во ова Собрание се прашувам што станува со тој дух на Илинденците, со нивната визија за праведноста, демократичноста и просперитетот на сите жители на оваа нова Македонија.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, Република Македонија има потреба од кредит, Република Македонија е презадолжена земја, Република Македонија во овој момент нема способност да ги враќа кредитите и овие од'(25 к од 35 и' 50, уште помалку онаа милијарда и двеста што ја има, но на Република Македонија и требаат кредити и тоа во многу поголема сума. Еден добар стабилизационен заем од 300 до 500 милиони долари секако, се разбира ако знае тоа да ;го употреби. ВО што е поволноста на овој кредит. Инаку, јас лично не сум расположен никогаш да се задолжувам, ниту пак Републиката да се задолжува, меѓутоа стопанството и во меѓународните односи и стопански субјекти и држави се задолжуваат ако знаат да водат сметка да не се презадолжуваат и ако се секогаш способни да го вратат тоа што го земале по цена да не паднат под економска, под политичка доминација директна или индиректна. Во што е поволноста на овој кредит?

Прво, што никој во светот во овој момент не ни дава било какви пари не не смета за субјект со кој што треба да влегува во кредитно финансиски трансакции.

Второ, и 25 милиони долари за некакви мали премостувања, ситни на Републиката и се потребни иако македонскиот народ нема ништо посебно да почувствува после земањето на овој кредит. Бедата и сиромаштијата во Македонија ќе продолжи, така да ова прашање од

аспект на големината на кредитот и потребите што ги има Македонија за финансиска поддршка не заслужува ниту толкава расправа ниту толкаво внимание, ниту толкава загриженост позитивна или негативна во врска со него.

Што е неповолно во врска со овој кредит? Иако е мал последиците од тоа што ги имаме од нашата финансиска неспособност се огромни и ова нема баш премногу да ги зголеми тие наши неспособности за' отплата, меѓународна солвентност. Легнува на тенките резерви на Републиката кои што се, да не речам се никакви, да не ја спомнувам сумата, обично тоа практика било да се пишува во доверливи материјали, за девизните резерви на државите, што исто така не е во согласност со планот на пример до 31 декември, сега пак спомнувам нешто противречен сум малку, од претходната Влада став, политика дека до крајот на годината требаше да имаме барем 100 милиони долари девизни резерви. Тоа. сигурно нема да се направи, 31 декември помина и вие знаете колку имам

Втора неповолност не знаеме прецизно за што ќе биде потрошен. Прецизно не се знае за што ќе биде потрошен без оглед на некои спомнувања овде што се. Ако биде потрошен за нафта, незнам сигурно дали мора да се земе кредит за нафта, не сум сигурен во тоа, но ако треба да се земе и за тоа еден дел од тоа ќе оди за нафта, мазут, нешто што е корисно, што ќе ги стимулира работите и ќе овозможува на некои стопански субјекти, а другиот дел ќе го изгориме ние низ резервоарите бензински или низ топланата итн. Така да тука има нешто и поволно и нешто неповолно.

Трето, во Законот, односно во образложението не се наведени другите трошоци на заемот, осигурување од ризик, банкарски провизии итн. А, Македонија е многу ризично подрачје и впрочем има една изјава

од банкарите во "Нова Македонија" од вчерашниот дел, ние не ги знаеме тие дополнителни трошоци, немаме прецизни информации во образложението што е дадено во врска со законот и фактички не ги знаеме баш целокупните трошоци околу амортизацијата на овој долг за прецизно да кажеме дали е поволен или е неповолен. Инаку> ниту е посебно поволен ниту е посебно неповолен. Се ценат моменталните потреби на државата што ги има.

V/1 СС/ПН

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (Продолжение)

Фалби од тој вид дека е многу поволен или пак критики од тој вид дека апсолутно не е поволен, ниту едното ниту другото посебно заслужува внимание, ниту држи.

Четврто, што е неповолно, немаме економска програма за 1993 година, уште немаме, како што немавме ни минатата година, немавме Буџет, немавме економска политика. На 31 декември, на 30 декември расправавме за ребалансот на буџетот. Во контекстот на ова да видиме дали нашата девизна платежна способност ќе се подобрува или не, па да процениме дали со овој заем откако ќе дојде и ќе почнат 6-те месеци кога ќе треба да се амортизира нашата способност за отплата на нашите долгови ќе биде поголема или не, постои една вкупна неизвесност Немаме никакви прецизни прогнози. Сега, дали ќе добиеме економска политика.,. дали и оваа Влада ќе каже дека немаме обврски пред Собранието да излезе со своја економска политика како и минатата година, дали може без програма да работи ова Собрание тоа е друго прашање и за тоа веројатно ќе имаме можност да говориме во некоја друга прилика.

Македонија е задолжена со долг што изнесува 1,2 милијарди или нешто повеќе од тоа и од разводот на бракот нешто ќе добие со Југославија на контото на долгот да добие нешто што ќе и ја олесни работата, тоа нема да биде. Внатрешниот долг само на девизните штедачи изнесува над 1 милијарда $. Со овој закон што се предлага ако на сите тие суми им додадеме 25 милиони долари ќе се види дека е тоа една капка во вкупниот долг на Републиката што, ниту ќе ја поправи посебно положбата, ниту ќе ја влоши посебно положбата, освен некоја моментална полза за месец - два во врска со некои производи и слично на тоа.

што е чисто наша внатрешна работа, грбот, знаме и незнам други образложенија и квалификации, што се разбира, јас лично воопшто не го прифаќам ,ниту пак мислам дека најголемиот дел од тука го прифаќа, или никој не го прифаќа. Но, ние такви политички медитации во врска со прашањата на Македонија и во Македонија допуштивме и со други нешта што ни се случуваат, и заради наши слабости, и заради објективните настани што се случија на просторот на бивша Југославија. Овде имаме секојдневни емисари што се влезени како брачни советници или како во брачно советувалиште да ни кажуваат што треба да правиме. Но, ние тоа го допуштивме. И денеска ни , кажуваат како ТВ - програми треба да има и денеска ни кажуваат како да ги уредиме1овде меѓунационалните односи, тоа е за мене наша

вкупна неспособност. А, такво политичко влијание, без право се разбира, без ние да прифатиме овој г-дин покажува. Што да, како што реков, уште еднаш да повторам не го прифаќам.

Земаме кредити, ќе земаме ако ни дадат и во иднина. Но, земаме кредити а мора да си замислиме за нешто друго. Земаме девизи но испуштаме ли девизи? Мораме за тоа да водиме сметка. Огромни количини девизи се одлеваат, се одлеваа во овој: период заради неспособноста на нашата извршна власт. Говорам од почетокот на конституирањето на ова Собрание или вкупната неспособност на политичките сили што се инсталирани во овој момент во Републикава.

Прво, за време на Владата претходна, беше пропуштена шанса да бидат инкасирани барем 200 милиони долари девизна резерва. Пропуштено. Спротивната страна ќе тврди дека не е точно, дека не можело. Но, за тоа може да се разговара многу стручно и компетентно а се разбира не можеме овде вака да ги докажуваме сега тие работи.

Зошто беше испуштено е да се инкасираат 200 милиони долари,па сега 25 милиони долари ни претставуваат некоја спасоносна формула. Јас гарантирам нема баш многу тоа да ни помогне. Ова време што го изгубивме во врска со тоа, тоа е додаток на трошоците во врска со сета таа работа.

Прво, неспособноста во врска со продажбата на становите во моментот кога имаше многу повеќе девизни средства кај граѓаните, ние не успеавме да го решиме, а тоа прашање, "како што гледате, не успеваме да го решиме ниту денес. И сега имаме повторно проблеми за собирање девизни средства во врска со продажбата на становите. Еден закон ние не можевме во "овој Парламент да донесеме, да собереме пари во врска со тоа. Знаеме дека Словенија собра 500 милиони марки до продажба на становите. Но, во моментот кога можеше тоа, во прав момент донесе Закон, собра, евтино - скапо, собра/многу девизни средства во врска со тоа , 300 милиони долари.

Втора причина зошто ние се испумпавме со девизи, квази динарот што со камиони беше испраќан овде да ги собира девизите на црниот пазар, ние не се обидовме на време да го спречиме, туку се плашевме од монетарни затварања, рестрикции итн. За тоа можеме да дискутираме штети - користи, некои тврдеше дека сме земале од Народната банка 18-20 милиони долари по евтина цена па тоа беше компензација за тоа или заради тоа не можевме војската да ја плаќаме или незнам, незнам илјада и еден аргумент.

Трето, отсуството на обид да се воспостави било каков девизен пазар кој што не придонесува да инкасираме во нашата девизна каса, републичка, ниту трошка. Тоа отсуство да се почне со било каков девизен пазар трае, и денеска, се разбира и тука немаме некои решенија.

V/5

Четврто, неводењето политика на реален курс, бидејќи правевме со задоцнување некои девалвации итн. И ден-денеска не ги стимулира стопанствениците што и тие малку ги остваруваат надвор промптно да ги внесуваат во нашата држава па да ја знаеме чистата сметка и во врска со тоа прашање. Или, има нон стоп дискусии, има девизи, нема девизи, има надвор, внесени се, не се внесени и затоа немаме јасен одговор кој не кажува точно во врска со тоа.

Петто, отсуство на било' каква надворешно - трговска политика што исто така не дава рационално да стопанисуваме со девизата како роба, како стока. Ние немаме платно - билансна политика, обид за затворање на платниот биланс на Републиката, бидејќи ниту еден пратеник о&де не добил нешто такво. Ние уште работиме по царинските тарифи од бивша Југославија. Уште работиме. Ние уште имаме контингенти, режими и дозволи за производи што Македонија воопшто не ги произведува, а ќе се најдат во прописите преземени од Југославија што важат во овој момент на тлото на РМ. Ние имаме режим на контингенти на пример и за еден квасец што се произведува во Македонија па треба луѓето да ги произведуваат, да дојдат и да бараат од соодветното министерство дозвола, а никој не се прашува дека тоа може да биде сосема слободно, да се извезува. Не треба да доаѓа овде да се администрира во врска со тоа. Пример кажувам. Можеби и не е тој производ. Значи, немаме прочешлано и направено една нова царинска тарифа соодветна на структурата на македонското стопанство и неговите извозно – увозни потреби. Тоа немаме. За тие прашања ние не разговараме.

Штетата од сето ова што го говорам или не го говорам е многу поголема во врска со овие 25 милиони долари итн., итн., а ова е можност

кога се зема кредит за задолжуваше да се кажат вакви работи или ако некои чувствува и ми се чини дека можеби ова не е за законот, меѓутоа прашање е кој како го разбира законот. Јас слушам екскурзии во врска со законот големи и сега јас си допуштам на мој начин некој екскурзија што мислам дека е во врска со законот.

Шесто, има ли во врска со кредитот задкулисни политички игри, барање за политички отстапки? Тоа е една од централните теми на оваа неколкудневна ;расправа. Во врска со не^кој да ветил концесии или во врска со знамето, во врска со грбот, во врска со незнам какви дефиниции на македонската држава итн. Јас тоа не го знам и во овој момент лично не ме интересира тоа прашање.

Зошто не ме интересира во (овој момент тоа прашање?

Прво, затоа што Парламентот донесува закон само за кредитот. Во предлогот на законот пишува што прифаќа овој Парламент во врска со тој закон. Значи, законот, во него не пишува дека Македонија ако го земе кредитот на г-дин Сорос ќе отстапи дел од суверенитетот,ќе отстапи дел од грбот, ќе отстапи дел од незнам што. Тој си напишал еден убав политички говор. Има право да напише нешто што тој мислел, но ние имаме право да прифатиме или отфрлиме. И тој има право да даде условено или неусловено да даде. Тоа зависи како странките договорни ќе стапат во тој свој деловен финансиски однос.

Значи, Парламентот ќе расправа и ќе донесе закон само за кредитот, Ништо друго не донесува ниту пак јас како пратеник би се согласил било што да донесе овој Парламент како услов во врска со 25 милиони долари. Со никакви пари во врска со Републиката не би се согласил, а да не зборуваме за вакво нешто.

Второ, може ли Владата или некој во Владата да си правел некаков "бајрам на умот" на таа основа? Исто така, јас незнам ниту сакам да размислувам во врска со тоа да правам претпоставки. И може и не може. Но, ако може, на пример, да прави, тоа ќе дојде во Парламентот овде повторно и ние тогаш ќе ја видиме сета игра во врска со тоа. Тоа прашаше ќе се дознае. Тоа не може да остане и ниту пак ќе можат да одбегнат последици тие или тој ако сакал да влегува во такви политички игри' во врска со тоа. Последиците од тоа ќе бидат јасни што се обидел некој на таков начин да трампа нешто, ќе бидат јасни и во врска со политичкиот статус, а богами ако има нешто ќе бидат споредени со нашите политичките прописи, кривичното законодавство. Затоа не сум загрижен од тоа, затоа што јас во Парламентот гласам за она што гледам овде во Парламентот и затоа сме одговорни како Парламент.

Делот од говорот на г-динот Сорос во кој си допушта да говори за прашања што се само наши, внатрешни," уште еднаш да кажам дека го отфрлам, не го прифаќам. И, ако тој г-дин стави потпис на договор со кој што ништо не условува, ние треба да процениме дали е корисно или не да ги земеме тие 25 милиони долари или не. Но, предупредувам јасно каде да се потрошат тие пари. Многу е лесно да се земат, а многу е тешко да се вратат. Тоа е централното. Еден кредит може да има мултипликативно дејност во врз стопанските текови, друг да има сосема обрнато дејство да оди само во сферата на потрошувачката и од тоа граѓаните само повеќе да ги боли глава и ништо повеќе од тоа.

Според тоа, на господинот Сорос ако оценуваме дека и овие парички ни се потребни, можеме да кажеме за заемот што го нуди

благодарам, со да, а за она другото што ни го нуди да кажеме благодариме - не, ви благодариме на тие совети што ни ги даваш или на она што ти сакаш да го претставуваш во овој момент.

Затоа не сум загрижен што евентуално има во врска со сето ова. Тоа ќе дојде, ако нешто такво има и ние - тие сигурно ќе ги санкционираме и јас ќе бидам еден од тие што најжестоко ќе ги напаѓа и ќе бара одговорност ако нешто такво направиле. Но, на Македонија не може во овој момент да и се случи ништо полошо од ова што и се случува освен, не дај боже, да си произведе овде со својата глупост граѓанска војна или да доживее некаква инвазија. Тоа е во моментов македонската несреќа, плус од сите овие несреќи што ние денеска ги имаме.

Ете тоа е мојата дискусија во. врска со ова.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Ние исто пати со Гошев се разликуваме по некои прашања, но интересно е овде што од прилика се поклопуваат моите размислувања, воглавном со неговите и во време точно е тоа кога ние немаме економска стратегија, тактика, кога немаме макроекономска политика, кога имаме некоја реформа така да кажам недокввакана и само поедини делови од таа реформа се спроведуваат. Тогаш одиме на некои парцијални, мали минимални решенија, да што дадеш и дај кој што нуди. Во таква ситуација ги повторуваме грешките што ги правеше поранешна Југославија на едно енормно задолжување. Тоа значи при она што сето она што зборуваше Гошев сега да се додаде едно ново, незнаејќи ние во кој правец и како ќе излегуваме од таа ситуација.

V/9

Јас, и како човек и како стопанственик никогаш во животот не сум се задолжувал ако не сум знаел како таа работа, како тие средства и тие пари ќе ги враќам. Мислам дека за нас би била погубна ситуацијата да се задолжуваме за разрешување за општа и јавна потрошувачка, туку би требал ода биде во правец на оздравување на нашето стопанство. Тоа нека биде и 2 и 5 и 1р и 100 милиони долари, јас никогаш износот не би потценувал, туку кога би имале една стратегија и кога би изградиле една политика во кој правец македонската држава би се задолжувала, а по кои канали, банкарски институции, меѓусебни договарања нас организациите со страни инвеститори итн., тие канали би биле слободни,но кога е во прашаше државата и каде што државата мора да гарантира и со своето национално богатство па еве овде и со некои навидум, мали, безначајни девизни резерви, утре и со некои концесии итн., тогаш и државата преку својот Парламент треба длабоко да размисли во кој правец би ги направила таквите задолженија.

Јас мислам дека, прво, ние во тој правец треба законот да го разгледаме, а тоа е не ние да ги враќаме кредитите со девизните резерви туку тие кредити да се враќаат со остварувањето на профитот со создавање нова вредност, со остварување на девизни средства.

Прво, оваа работа ние многу едноставно ја сфаќаме. Имам чувство дека тука се мисли, еве оваа фондација од некоја своја сметка ќе префрли на државата Македонија средства и сега Македонија како држава тие средства ќе ги користи или во договор, еве како што тука пишува, за нафта или за некои други цели итн. Така не одат тие работи, барем ние кои сме подолго време и се занимаваме со овие проблеми.

Тоа не е баш така. Тоа мора да оди прво преку банкарски институции во светот. Тие банкарски институции имаат разиграни системи, имаат свој трошоци и тек сега ќе се искомплицираат работите и дури сега ќе видиме нешто околу тоа за говори Гошев, дури сега ќе видиме дека не е тој трошок од 4%, туку може да биде и 5 и б пати- и 3 пати и незнам колку поголем тој трошок. Тука ние сега веднаш ќе се сукобиме, а многу време употребивме, како што беше овде речено, некои зборуваат за многу поволности а други пак изразуваат сомневање во тоа. За тоа што тие други трошоци се далеку поголеми к

VI/1.- CJ/ЉР

**ЛУБОСАВ ИВАНОВ:** (продолжение)

Тие трошкови на банките, поаѓајќи од нивните провизии, осигурување, вградувањето на ризикот на целиот тој кредит, а од друга страна ако земеме другиот елемент да ние мораме да своите девизни резерви, мора да се постави, во која банка, каде, и под кој услови да стојат тие резерви, можеби ќе испаднеше подобро да ги трошевме девизните резерви. Но тоа е стручно прашање кое кога ќе дојде моментот на преговарање ќе ја покаже целата своја тежина земајќи ги трошоците на нашите банки кои сега ќе го сервисираат тој кредит, тоа е зазема една нова ситуација во тој правец

Што сакам да кажам, сакам да кажам дека ние како Парламент треба да изградиме една стратегија во кој правец ќе се задолжува македонската држава и за кои цели и како и на кој начин тие барем нови долгови ќе ги врака стопанството, имајќи предвид дека стопанството се наоѓа во изузетна тешка состојба, имајќи предвид дека непрекинато опаѓа физичкиот обем на производството, економичноста, продуктивноста, дека секојдневно се затвораат фабрики, дека нашиот извоз секој месец бележи пад , дека се помалку оствaруваме девизни средства, а и овие девизни резерви кои што ги имаме ние тоа стопанство, такво каков што е утре не може ни толку да оствари. Според тоа нашата способност за враќање на такви средства е многу тешка. Тоа треба да не загрижува, а инаку политичкиот дел доста го елаборирате јас за тоа не сакам да кажам, меѓутоа да знаете,мислам дека добро знаете, истите сте свесни за тоа кога се даваат пари се бараат и економски и политички услови. Според тоа, некој цени и ќе мораме да плаќаме и свесни за тоа треба да бидеме, меѓутоа достоинството до крај треба да се задржува.

Според тоа, јас би поставил на пример на Владата и на господата која го подготвуваше овој Закон од прилика следниве прашања: дали е махиналниот трошок од 4% за овој кредит или има и нови трошкови, нови камати, нови проценти и колку се тие. Дали во која банка ќе го сервисираат овој долг, иностранa, домашна банка, под кои услови. Дали нашите девизни резерви се наоѓаат надвор во надворешни банки и можеме тие девизни резерви. Да ги ослободиме ако веќе се наоѓаат во одредени банки и да ги концентрираме во една банка која ќе служи како гаранција и под кои услови. На кој начин размислува Владата да се враќаат овие средства, дали од девизни резерви? како што пишува законот или ќе ги плаќа,; или ќе ги пласира во такви работи и такви операции кои што ќе обезбедат профитни .средства за враќање на овие девизни средства.

Ако ги имаме ние тие одговори,тогаш многу полесно ќе може да гласаме.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Јас не сум стручњак за да се согласам со некого или да не се согласам, меѓутоа, да речеме, се согласувам со г-динот Петар Гошев, а не се согласувам со г-динот Иванов. Исто така не знам дали 25 милиони долари се малку или многу, единствено знам дека тоа се околу 1,5 тон злато, а ние веќе трет ден на дневен ред е овој закон, а притоа повеќе се мисли и зборува за писмото на г-дин Сорос отколку за Законот. Притоа е демонстриран таков двоен морал во однесувањето према парите, што во никој случај не може да се премолчи. Понудените пари од Европската економска заедница се прифатени без никаков поговор иако таа заедница донесе декларација со која го условува признавањето на

нашата земја со промената на името. Притоа, треба да се знае дека е тоа документ со која оддалечува Републиката од сите европски и светски финансиски институции. Додека парите што се понудени од г-динот Сорос се анатенисуваат како политички неподобни само од една единствена причина што почувувал потреба да се обрати до Македонското собрание и притоа се осмелил да го изнесе своето сопствено мислење во и околу Македонија и нејзиното пошироко меѓународно признавање кое никого не обврзува; Па, што е основното во нашето настојување за пошироко меѓународно признавање ако не и пред се, достапноста на меѓународните финансиски институции за Републиката. Неопходноста за влегување на свеж странски капитал во Републиката постојано се потенцира и од позицијата и од опозицијата.

Свежи пари и се потребни на Републиката можеби не во облик на кредити, но е ова само прв чекор и прв обид некој да се осмели да ги вложи пари во нашата Република макар и само како заем, но и тоа треба да се цени и почитува, а не да се анатенисува Но можеби да се предомисли и г- динот Сорос после оваа наша тродне на рашомонијада, можеби тој нема да биде за нас кој знае каква трагедија, но тоа е некаква наша легитимација пред светот кој сме и какви сме и од каде сме и до каде сме стигнати со демократијата или со анархијата во размислувањата и нашата способност да градиме држава. Дали светот нема да не сфати дека сме земја во која политиката е поважна од сиромаштијата. Не знам како го замислуваат тоа наше пристапување кон светските и европските финансиски институции. Дали ќе дојдеме, ќе си земеме колку што ни треба, без обврска за некакви враќања, камати и слично. Затоа мислам дека кога е во прашање овој Закон и се зборува за потребата од пари односно девизи, нивната употреба и можностите за враќањето, за каматите и слично, а не за тоа дали г-дин Сорос навлегол

во нечии чувства, некого навредил и сл. Ако мене ме прашувате, за мене топлиот дом 'е поважен од сите навреди и нечии мислења за мене и мојата фамилија. Ова излегува дека јаболко на раздорот се 25-те милиони долари и јас како што читам' меѓу редови тоа се видините сребрени. Но, ова Собрание треба да знае дека сите јаболка на раздорот од почетокот до денес од едемското што било причина за истерувањето на првите луѓе од таканаречениот земски рај до Парисовото, причината за човековата трагедија која што била Тројанската војна останале само јаболка сосема невини и неважни во споредба со човековата глупост, алчност и зависност.

Ако во политиката не може да се очекува сосема фер плеј сосема е ..приземо да се очекува каков-таков морал. Ако противничката страна ги поседува сите аргументи опстојвуањето на сопственото гледиште е обична тврдоглавост. Затоа мислам дека додворувањето на народот со стегање на каишот нудејќи му висок морал и високи идеали е обична хипокризија. Прво требаше ова влегување на странски капитал да биде поздравено до сите во овој Парламент, а не да се опосрува од петни жили без никакви аргументи. Тука преовладуваат емоциите, се реагира недржавнички туку дневно политички. Ако тие пари ги обезбедеше опозицијата верувам ќе имавме исто тридневен фестивал, но веројатно на друга основи и поинаква содржина.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани пратеници, сакав да укажам на една или на две работи. Ние како држава по осамостојувањето за прв пат се наоѓаме под поголем број на задачи кои што досега немавме можност да ги обавуваме, со тоа што се наоѓаме и во состојба кога и обврските кај

сопствениот народ се исклучително поголеми и кога лежат исклучително до нас. Оттука е сосема јасно дека има одредени недоразбирања и кога станува збор за вакви потфати за кои што деновите расправаме заради тоа и со такви проблеми досега се немаме среќавано меѓутоа, за мене е сосема јасно дека нема земја, поготово земји од типот на нашата земја кои што припаѓаат или можеле да припаѓаат на кругот на земјите во развој која што се што градела не го градела со кредити, со заеми, со странски капитал. За сите нас е јасно дека Македонија нема моќ за било што да преземе, да влезе со сопствени средства. Дека Македонија ќе мора да користи странски кредити, ќе мора да создава услови за ефикасно користење на тие кредити заради тоа што се она што е градено во земјите за развој со кредити што биле и многу понеповолни од кредитот за кој што разговара е денеска се постигнати ефекти заради тоа што и многу поповолни кредити односно многу понеповолни кредити можат да дадат и многу подобри резултати ако ефикасно се искористат и оттука се придружувам кон сите оние кои што изразија стравување дали ќе ги постигнеме соодветните ефекти иако не ги постигнеме соодветните ефекти дека и овој исклучително поволен кредит може да ни испадне прескап. Меѓутоа, сакам да укажам и следното:

Со оглед на тоа што е сосема јасно дека ќе мора да користиме и во овој период и во иднина кредит тогаш се сосема јасно дека независно од тоа што денеска ги викаме позиција ја имаат извршната власт, а утре можеби некој друг ќе биде позиција, овие сегашните ќе станат опозиција итн. значи и позицијата и опозицијата денеска или утре ќе се најдат во состојба да мораат да оваа држава да се задолжуваат во странство,да земаат кредити. Оттука е сосема битно како во такви случаи ќе се однесуваме. Дали тие што ги даваат  кредитите, дали тие како што г-

динот Сорос, кој што е постојано присутен на меѓубанкарските договарања во Лондон, не знам, во Париски банкарски клуб, во меѓународните банкарски институции,во меѓународен фонд ќе го нарекуваме или ќе го споредуваме со шверцерите од битпазар, ќе го нарекуваме зеленаш итн., дали ка кон сите тие што денеска оваа позиција се обраќа за кредит, а утре можеби некоја друга позиција ќе се обраќа, ќе се однесуваме на ваков начин и ќе ги отсечеме гранките на кои оваа држава може и мора да рачуна ако сака да направи било каков позитивен исчекор.

Според тоа, одговорноста за пристапот во: вакви ситуации е потполно еднаква и на тие што денеска ги викаме позиција и на тие што денеска ги викаме опозиција. Штетите што може државата и овој народ да ги претпри од ваквиот и несоодветниот пристап ни служат односно; паѓаат на товар на сите нас овде и на сите оние кои што на ваков начин сметаат дека ако тие кои што се сега на позиција донесат одредени средства, направат одредени позитивни промени, на таков начин се намалува можноста за поместување на распоредот на политичките сили за освојување на власта.

Втората работа на која што сакав да укажам е следната: Јас не се согласувам со одредени мислења кои што овде беа искажани дека ништо или ама баш ништо нема да се почувствува од овој кредит. Ми се чини дека кредит од 25 милиона долари во сегашна ситуација е Македонија и те како ќе се почувствува.

Прво, заради тоа што во услови кога не сме меѓународно признати, кога нема можност за никаква банкарска гаранција од страна, ние апсолутно не можеме да сметаме Дека можеме било каков поинаков кредит освен овој кој што го имаме да го добиеме.

VI/7.-

Второ, -директно се гледа дека кредитот ќе биде наменет за набавка за нафта. Ако ништо друго, да се задржам само на ова прашаше, ќе се почувствува кредитот таму каде што недостасуваше нафтата, ќе се обезбеди нафта за земјоделието, ќе се обезбеди нафта за пролетна сеидба итн. Дел од средствата ќе бидат наменети за набавка на лекарства. Сите оние кои што го чувствуваат тој страшен сегашен недостиг сигурно ќе почувствуваат нешто подобро. Според тоа, сосема е јасно дека овие 25 милиони долари нема да направат нешто полошо, туку ќе направат нешто подобро, а тоа ќе зависи од тоа на што со право некој од нас овде укажаа колку умно ќе знаеме да ги искористиме тие средства.

И, конечно, давањето на ваков кредит во овие моменти кога немаме никаква можнсот да добиеме било каков кредит, тоа значи поддршка на оваа политика, тоа значи поддршка на напорите за трансформација што ги правиме на политички и на економски систем, напорите за обезбедување на мир, напорите за приклучување кон европски заедници, кон светски токови итн. Ако на некого му смета тоа, што оваа политика на ваков начин се поддржува може и го има правото да ги лови грешките на позицијата, да приговара, меѓутоа само во функција на тоа ако тие што ја имаат извршната власт со одредени потези допринесуваат да се влоши состојбата на државата, да се влоши состојбата на граѓанството, а не да се напаѓа, тој што е на позиција заради тоа што прави чекори со кој што ќе се подобри состојбата во државата, состојбата на граѓаните гледајќи во тоа опасност, ако тој што моментално ја има извршната власт направи позитивни исчекори дека ќе му, биде потешко да тие што се на позиција на извршната власт со поголеми проблеми за подолг период ќе успее да ги измести. Сето тоа што е во функција на промена на власта, иако постојано станува збор

само за освојување на власта не смее да биде на штета на граѓаните, туку мора да има корективна функција, мора да има функција што ја прави конкуренцијата во повеќепартискиот систем да се ловат грешките и да се напаѓаат грешките на позицијата кога тие му носат штета на народот, а не безобѕирно да се напаѓа тоа што се прави од страна на позицијата кога тоа претставува единствена шанса колку толку состојбите да се подобрат и да се тргне од ова мртвило со чекор напред..

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас ќе бидам многу краток, 'покрај другите причини кои што се изречени од одредени пратеници за кои нема да гласаме за кредитот е од проста причина затоа што нема никаква програма за користење на кредитот, тоа е како една причина. Второ, не е вообичаено државата да одобрува комерцијални кредити. Ако на Макпетрол му требаат комерцијални кредити тој лично нека ги земе или ако им требаат такви креди- ти на министрите кои имаат приватни фирми нека си ги земат тие, а не народот да плаќа бидејќи ова задолжување е некаде уште по 11 по жител на граѓаните кои живеат во Македонија.

Друга причина заради која нема да гласаме е заради тоа што чисто поддршка на една комунистичка Влада, но да не бидам погрешно сфатен одреден број на пратеници изнесоа дека опозицијата е прва која го покрена прашањето за зачленување на Републиката во Меѓународниот монетарен фонд. Но, сега кога ни се нуди, така беше изјавено од одредени пратеници, таква помош. опозицијата не сака да прифати дали истата господа заборави дека опозицијата во  нејзиното барање никаде не спомнува да се врши било каква промена за грбот, знамето и какво општество ќе бидеме ние ако бидеме примени во таа фондација, како

што го прави тоа угледниот господин Сорос кој ни советува да извршиме промена на знамето, каков гр6 треба да донесеме, какво општество треба да бидеме, односно прави таканаречено народски една трампа со позицијата.

Исто така, ние не знаеме дали постојат политички услови како што некои пратеници поставија прашање, но ние тоа не го знаеме зашто никој досега од пратениците не го видел договорот.

И, на крајот да кажам дека јас не сум за кредитирање, но ќе го ставиме целиот народ да плаќа за инвестиции односно за инвестиционо вложување каде ќе биде механизам за поткренување онака кревкото стопанство во Македонија, со странски инвестиции, а не со кредити.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Околу политичкиот дел беа искажани мислења дури и мислењата на позицијата во тој дел видовме се поклопија со размислувањата и сомневањата изразени од опозицијата, што е добро.

Што се однесува до самата оценка од финансиски аспект јас инсистирам Владата да даде одговор пред да дојде до гласање во врска со максималните трошоци односно колку на крај ќе изнесува каматата,процентите кои на некој начин ќе бидат еквивалент на трошоците за провизиите на банките, трошоците околу заштитата од ризик на средствата, прашањето што ќе биде понатаму со девизните резерви на Република Македонија, колку тие во целиот тој процес на сервисирање на овој кредит ќе останат автономни под контрола на Република Македонија и дури откако ќе бидат дадени одговори на овие прашања ќе прифатам дека предлогот, а и намерата на позицијата беше сериозна има во предвид овозможување на позитивни економски процеси во Републиката.

На крај да заклучам во секој друг случај сите искажувања на позицијата ќе ги сметам како наивно верување и детски искажувања без реална основа и потценување на останатите пратеници и потценување на македонската јавност.

За тоа колку ќе го почувствуваме позитивното влијание од овој кредит треба да сочекаме по 31 декември оваа година што ќе се случи понатаму со економијата и со социјалната ситуација во Републиката.

Овде беа искажани сомневања токму и од позицијата околу можноста за враќањето на овие средства и тие самите исто така укажаа

и на сомневањата на ефикасноста на користењето на тие средства, па се прашувам што треба уште да биде ставено во сомневање во недостаток на било каков уверлив доказ во нешто спротивно за да може денеска сериозно да одлучуваме или ќе продолжиме со праксата не е важно кој аргумент ќе биде искажан ќе се бараат провокации да се зборува за,нешто друго и на ништо нема да се даде одговор и бидејќи имаме надмоќ ќе направиме така како што сакаме. Затоа апелирам до совеста, пред се, на оние што ја сочинуваат позицијата и сериозната одговорност што произлегува од денешната одлука. Само да потсетам дека оној момент кога евентуално позитивно ќе биде прифатен законот, Парламентот ќе нема увид и можност да интервенира во договорот кој подоцна ќе биде склучен од извршната власт а не знаеме под какви околности тоа ќе биде направено и каква штета евентуално може да биде по перспективата на развојот на еконоадијата во РМ и се друго што произлегува од тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Госпоѓа Стојанова има збор.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Најпрвин сакам да кажам дека сметам има потреба од донесување на овој закон. Зошто? Има повеќе причини. Не се согласувам дека на Републиката не и се потребни парични средства во овој момент и тоа е сигурно една од главните причини со која сметам дека е поткрепа на прашањето дали треба РМ дали треба РМ да се задолжува во странство па меѓу другото и по овој кредит.

Понатаму, зошто закон? Бидејќи Републиката на некој начин треба да ја даде гаранцијата за вака високи кредитни средства кои треба да ги земеме кои ни се сигурно неопходно потребни, а изнесува скоро 50% од

нашите девизни резерви, значи не се мал износ износот на кредитот и по мене треба да се донесе закон.

Понатаму, зошто да ја прифатиме оваа понуда. Ние господа пратеници немаме до сега ни една друга понуда ро врска со одобрување на кредити дали се тоа краткорочни или долгорочни.

Понатаму,кредитот е краткорочен. Во ред. Подобро би било за РМ кога би бил долгорочен, но тоа е еден од условите кои ни ги поставува кредитодавачот на РМ. Но, и во ваква високо ризична земја како што сме ние, сигурно и една година рок на отплата на кредитот со грејс период од 6 месеци не е за потценување.

Мислам дека не беше спомнато до сега, а треба да се каже дека нам ни требаат 'девизни резерви и за поткрепа на нашата домашна валута. Нашата домашна валута - денарот односно боновите кои сега ги имаме скоро да немаат поткрепа во висината на девизните резерви што ги имаме ние денеска. Сигурно за секоја валута се настојува да биде што појака ако има поголемо покритие во девизните резерви. Тоа е сигурно една причина која не треба во никој случај да се занемари.

Инаку на почетокот беше спомнато дека Комисијата за финансирање и буџет го поддржува овој закон, само сакам да кажам дека Комисијата за финансирање и буџет беше едногласна во поддршката на овој закон од сите присутни пратеници без разлика на партиската припадност, бидејќи го ценеше и го утврдуваше стручниот аспект на овој закон, потребата од неговото донесување, потребата од дополнителна инекција на македонското стопанство така што воопшто, морам да го кажам и тоа, на седницата на Комисијата не беше изречена ни една резерва во однос на тоа дали треба или не треба да се донесе овој закон што сигурно ќе биде една можност Собранието, бидејќи до

сега во полно случаи ставот на своите комисии почна да не ги така да речам, апсолвира, да не ги има во предвид и кога се работи за одредени стручни работи и кога се работи за одредени работи кои секако треба да ги имаат при одлучувањето во гласање. Не мора да бидат пресудни, не. мора да бидат обврзувачки, но мора да се има, па тогаш зошто ги одржуваме тие седници на комисиите, а сигурно знаете сите сте членови на комисиите, доста од времето кое го трошиме во ,зградата на Собранието го имаме токму на седниците на комисиите.

Еве, толку би рекла во врска со законот, инаку ние како Комисија имаме предложено одредени амандмани кои во најголем дел се само подобрување на текстот на самиот закон, а во делот на концепцијата на законот немаме сушствени предлози за измени и дополнувања.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Збор има господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пред да кажам нешто за расправата за кој асе расправаме во недоглед, би сакал прв пат од оваа говорница да упатам мала критика до јавните гласила до Телевизијата. Првиот ден кога ја прекинавме расправата по оваа материја гледав вести во 17,00 часот испаѓаше како да зборувале само пратениците од ВМРО-ДПМНЕ и некои други пратеници, а никако од владината коалиција освен премиерот. Јас не верувам дека има некои додворувања во нашите гласила спрема ВМРО бидејќи многу се критикувани овде, веројатно е овде некоја омашка несакајќи можеби е тоа направено.

Сакам да искажам мое мислење од оваа говорница уште еднаш дека најверојатно кај нас владее голем страв за овие 25 милиони долари со таа камата. Верувам кој знае колку да се објаснува и незнам какви

податоци да се даваат за начинот на користењето, колкава ќе биде каматата, затезната камата, па по основ на кредитните резерви едната страна нема да се согласи заради тоа што на минатата седница овде беше кажано како еден предлог како едно размислување за владина криза, парламентарна криза. Се знае што се сака овде. Меѓутоа, ако постои страв од неефикасност и ако постои голем мерак за спиење само да се спие и да не се биде ефикасен да не се ставаат во оптек тие средства, да не ги користиме, што ќе правиме ако дојде, а јас верувам и сигурен сум дека до тоа ќе дојде за она што зборуваше господинот Гошев дека нам ни требаат многу многу повеќе пари отколку овие. Ни требаат тешки милиони долари и друга цврста валута. И тогаш ќе се исплашиме да влеземе во аранжман, нели. Се плашиме од себе си заради тоа што не можеме да се измениме себеси, не можеме да ги измениме нашите навики, дали е тоа? Дајте да се обидеме да ги измениме нашите навики.

" Вчера имав прилика да разговарам со повеќе стопанственици за други проблеми, па го начнавме и овој проблем. Најмалку тројца од таа маса од 25 души велат дајте ни пет милиони долари ќе ги ставиме веднаш во движење за обртни средства и за други работи кои ни се неминовно потребни, репроматеријали, со таа камата со тие трошоци што многу се мислиме и станавме големи есапчии па мислиме за сите трошоци. Добро е што сме есапчии, но дајте тоа есапење да го оставиме на стручњаците и на Владата, па да бараме одговорност од Владата првиот месец вториот месец од ефектуирањето на тие средства. Целата работа е во тоа што овде сакаме само да пречиме. Дајте да се потрудиме нешто да направиме добро за< оваа наша толку напатена и сиромашна земја Македонија.

Утринава разговарав со круг на луѓе, па името и тука не ни го признаваат, сакаат некое друго име. Што потхрануваме со тоа Моравме да пишуваме телеграми во Париз на средбата на господинот претседател на Републиката и господинот Бутрос Гали дека се согласуваме со тоа и тоа, меѓутоа, кои срамежливо рекоа не е така. Ако мислите дека не е тоа, кое друго име треба да биде, јас прашувам.

Мислам дека треба да бидеме храбри да го прифатиме ова, а со тоа ќе дадеме можност и ќе им кажеме на сите бизнисмени па и на нашите бизнисмени македонци од дијаспората дека ние сме подготвени да се фатиме во костец со сите проблеми производни, финансиски, технолошки иновации за да заживее оваа Македонија, да се разбудиме од сонот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Збор има господинот Хајредини, министер за финансии.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, многу прашања што се поставуваат овие три дена не се поставуваат затоа што немаше одговор на нив, туку затоа што расправата трае, па се заборaваат одговорите дека биле дадени.

Она што е битно за одлучување овде Владата дала податоци. Меѓутоа, на овој закон и на овој долг му се припишуваат димензии и претензии што тој ги нема. Импликациите од таквото припишување на поинакви димензии и претензии ние не можеме на сите, по повод овој закон, да даваме одговор.

Владата предложи и Парламентот се согласи да расправа по итна постапка за еден закон со кој се дава "зелено светло" да се задолжи РМ во странство. Текстот на законот,а можам да ви кажам и текстот на

договорот не се во никаква формално - правна корелација со ни еден друг акт. Тие се автономни. Ќе произведуваат правни дејствија независно од постоењето на било какви писма, на било , какви желби, на било какви политички определби на поединци, на институции, па дури и на лицето што го дава овој кредити. Ова треба да се има предвид и со ова одговараме на многу прашања.

Владата немаше претензии ниту сега има да елаборира нова економска политика, нов економски систем по повод расправата по овој закон. Затоа овој парламент ќе има прилика исто така да биде информиран.

Кора се зема заем има два битни услови. Тоа сите економисти и со средно училиште го знаат, рокот. на враќање и каматната стапка. Исто така општо е познато дека освен овие има и други маргинални трошоци поневажни кои, Владата е свесна дека овој закон и овој кредит ќе ги предизвика, меѓутоа, никогаш не се во пракса од како постојат заемите и кредитите за да можат да го доведат Парламентот во прашање односно одлуката на Парламентот и да го доведат во прашање донесувањето на овој закон. Тоа се банкарски работи. Најдобро им е познато токму на луѓе стопанственици, платен промет, банкарски провизии итн. Според тоа, тоа не се прашања кои би требало да го доведат ова во прашање.

Конкретно на прашањата доколку кредитот односно Законот биде изгласан и кредитот биде ставен на располагање на 1 февруари 1993 година ако се користи и се враќа како што е предвидено во Законот, а и во договорот каматата ќе изнесува околу 850 илјади долари.

VIII/1/РД/л ј

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ**: (продолжение)

Некој ќе рече дајте прецизно. Прецизно зависи од тоа прво, дали ќе ср изгласа, ако се изгласа кога ќе бидат средствата ставени на располагање на корисникот на кредитот, динамиката на ставањето на располагање, дали за еден ден целиот износ,или еден износ денеска, другиот после 15 дена, што е општопознато и мислам дека никој не треба со тоа да се товари.

Во договорот за кредит од другата страна, а од една страна на претставниците на Република Македонија ,од другата страна стои лице со име и презиме Џорџ Сорос, никаква друга ни институција, ни фондација. Што тоа лице има други димензии во својот живот, тој\може да има се меѓутоа ни стапуваме во правен однос со тоа лице кое ќе се потпише. Според, тоа, апсолутно нас не не обврзува ништо што другите негови форми на активности. Тој сигурно не се занимава само со ова. За договорот, а и во законот го имате не постри никаков друг услов освен ана,што тој има право да обезбеди кредит, кредитот да се врати. Сите тие оперативни прашања, која банка, ние кога го образложивме предлог законот да се донесе по итна постака, а тој беше тука скоро за неколку дена, тие ќе се решаваат со договорот, меѓутоа, ние сметаме дека тие не се прашања, дали Народ- на банка, дали резервите и друго. Многу стана збор околу намената. Треба елаборати, треба дали ќе добиеме, дали ќе изгубиме. Јас разбирам кога се примат инвестициони кредити, кој што треба да активираат објекти, може да биде промашена инвестиција, од тоа со право сите пратеници и сите граѓани на Македонија треба да се плаши И јас се плашам. Никогаш државата не би бил тој да потпише, бидејќи една од причините зошто пропаднаа комунистичките држави и добро е што пропаднаа што сами ќе си земаа кредити и се земаа обврски да си враќаат. Кредитодавачите, западни знаеја долго време дека овие пари пропаѓаат. Ние таа грешка не би требало да ја повториме. Овој

кредит не е од таква природа,и околу тоа не може да се развие цел филозофија дека ќе пропадне. Овој парламент и оваа Влада се тука додека се тука, меѓутоа, оваа држава постои и ќе постои. Не треба да се тргне од претпоставката дека членовите на оваа Влада , овие дваесет и пет милиона им прети опасност да ги земат и да ги стават во џеб и да бегаат, па парламентот да не може повеќе да ги најде. , За кои намени ќе се користи. Може после месец дена, тука сме пак, овој парламент и пратениците бараат информации, за многу по банални проблеми отколку за ова. За кои намени беа користени овие средства. Тука ќе се даде одговор. Начелно што сакам да ви кажам. Овие средства ќе бидат наменети, освен она што стои таму за оние намени за кои инаку Републиката е принудена да ги користи девизните резерви. Само ни помага малку да ги земаме, а ние колку току прилив имаме. Не може зошто не се даваат на некои извозници, ние знаеме дека тоа е добро. Нека повелат тие претпријатија кој се способни да земат девизни кредити и да создаваат девизи, кој им брани. Повторно државата ќе им помогне ним. Не се наменети овие за такви цели. Овие се наменети за оние потреби на граѓаните на Македонија за нафта, за храна, кои се производи кои ние ги продава- ме на подрачјето на Македонија, девизи не оствaруваме. Водете сметка а мораме затоа што се доведува во прашање егзистенционалниот минимум, функционирањето на нафта, храна лекови, па ве молам ние имаме информација денеска на дневен ред за активностите на Македонија околу зачленувањето на финансиски меѓународни организации. Може да ни се јави потреба, се од друга страна да биде решено, а ние треба да правиме членски влог, но вели треба веднаш и за тоа мор ме девизните резерви да ги користиме. И ова може да се користи за тоа. Тоа е многу важно. Како не е важно да ги имаш три месеци порано и да ги враќаш за шест месеци помалку. Се развлекува тоа. Јас сум убеден дека многу очекувани пратеници овде

овие работи ги знаат. Знаат дека тоа е така. Меѓутоа, од разни други мотиви а и од време, заборавање, три дена трае расправата, па повторно се враќа на исто, пас сакав само тоа да повторам дека овие било мотивите на Владата и нема причина, никој нема ни повод, освен овде што се изнесоа некои работи за кои тие можат да се проверат, кои членови на Владата увезуваат лично нафта, тоа се други прашања, меѓутоа оваа Влада, па и јас лично тука, апсолутно досега не сме му дале никому повод и причина на пратениците и на поединци да се сомневаат во нашите намери, за тоа што имаше и такви илузии дека ова се прави злонамерно. Јас за тоа тврдам најодговорно во името на владата и во мое лично име. Тоа што јас мислам дека од ова се што се зборуваше во врска со законот, јас немам ни потреба ни право да ги ширам сите други аспекти што беа овде расправани.

**НАЌЕ СТОЈАН0ВСКИ:**

Ако некој слуша три дена овде со внимание, значи има право и да каже нешто. Јас само сакам да поставам две прашања.

Првото прашање е дали овој парламент на ваков начин ќе дискутираше, доколку бројката наместо оваа бројка што имаше уште една нула + да имаше не дај боше уште две нули. Јас мислам дека немаше на ваков начин да дискутираме. Мислам дека едногласно ќе се дигне рака.

На второто прашање е на овој парламент во овој состав кога оваа материја беше во надлежност на пренесениот суверенитет на бивша СФРЈ, имаше прилика во неколку наврати да се изјаснува, да дава мислење, за одредени задолжувања на таа бивша СФРЈ, а во рамките и на Република Македонија. Вие можете слободни да ги видите стенограмите од кој период, каде што ние за долги теми овде се расправавме, а кога ќе дојдеа на дневен ред тие точки за таквото мислење, врз основа на мислењето и ставовите кои што ги градеше

нашата делегација во тогашното сојузно собрание, ќе видите за жал една ситуација дека ниедна дискусија нема. Од истиот овој парламент едноставно за тие точки на дневен ред дигавме многу високо рака овде, а колку што ме служи мене овде памтењето највисоко дигаа оние кои што се најгрлати овдека зад оваа говорница, дека оваа Република не треба да се задолжува. Во мене цело време таа дилема на таа релација што се случува со овие пратеници овде во Парламентот

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Зборувајте за законот господине Наќе.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Да точно за законот. Кога дискутираме за овој закон господине потпретседателе јас се надевам дека промоцијата во економско финансиската сфера на суверeноста на Република Македонија иако ваква мачна, всушност, тридневна расправа што се води за овој проект дека нема да доживува и понатаму таква судбина дека |ГГ~ овие проблеми ќе одат во овој парламент многу полесно.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници мислам дека расправата овие три дена покажа дека пратеничката група ВМРО ДПМНЕ не го прифаќа предложениот закон, од основните причини кои што беа искажани од ова говорница од нејзините членови во основа се сведува дека пратеничката група и пратениците не прифаќаат краткорочен комерцијален кредит, кои се најтешките видови на кредит кои што воопшто и постојат. Понатаму, ние го гледаме во една тесна корелација законот со писмото на заемодавателот. тие се нераздвојни сами по себе. Оттука, писмото укажува за едни неприфатливи за нас ставови, со кој се пропишува едно идно политичко уредување на Републиката, спротивно на постојниот устав Република Македонија.

VIII/5.-

Свесни сме дека уште и на педесет и третата сеница се говореше дека се чинеа обиди дека господинот Сорос наводно ќе се доведе овде и ќе ни одржи некое убаво предавање. Па не се случи првиот ден, не се случи вториот ден и понатаму ни се планира едно писмо со кое што на еден перфиден начин се пласираат одредени политички ставови. Ние немаме никаква причина да одбиеме закон со кој се одобрува кредит, но во кој што политичките ставови да ни се сугерираат во друга насока. Да ни се сугерира да бидеме членка на Европската заедница, да бидеме членка и на воена организација, на НАТО, но да ни се сугерира нешто да се отстапува од уставот на Републиката мислам дека е недостојно воопшто да се прифати еден закон и да се навлегува во едни такви односи со поединци. Намерно реков поединци, бидејќи овде се кажа дека пратениците кој што беа членови на делегацијата во Сојузното собрание едногласно учествуваа и овој парламент во донесувањето на законите за давањето на гаранции итн. Едно сакам да ви кажам кога постоеше и таа делегација и овој парламент се одлучува за однос и давање гаранции за кредити меѓу држава со држава, а не меѓу држава и поединец. Такво девалвирање на Република Македонија денеска се покажува дека е неприфатливо. Оттука сакам да кажам дека не разделно е прашањето за Нацртот на законот со писмото на господинот Сорос. Неговата медитација како што реков со право некој рече за мултинационална заедница веќе доаѓа до израз па и одредени челници во Републиката, тоа го користат, јавно на говорница кажуваат дека Македонија е мултинационална заедница. Од тие причини пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ нема да учествува во расправата и одлучувањето по законот и ќе ја напуштиме оваа сала додека се одлучува по законот (пратениците од ВМРО-ДПМНЕ ја напуштаа салата).

VIII/6.-

**РИСТО СТАМЕНОВ:**

Јас сакам да се искажам по оваа точка од дневниот ред, а тоа е дали е во ред да се земаат така кредит условите кои Владата ги нуди во законот. Ако се тие крајните услови за кои што бараа одговор предмене неколку пратеници, сметам дека по поволни услови во овој момент, познавајќи ја и меѓународната финансиска понуда, нема да најдеме. Тоа е прва работа. Меѓутоа, јас се сомневам, не даде убедливи аргументи министерот дали при потпишувањето на договорот нема заемодавачот да бара гаранции од странски банки и супер гаранции и депонирање на девизни средства од резервите на државата или од стопанството, за да се обезбеди сигурност на враќање на кредитот, што во денешно време бидејќи ние сме високо ризична земја, тешко странските заемодавачи се согласуваат без такви гаранции. Ако без тие гаранции ние го добиеме овој кредит, сметам дека кредитот треба ад се прифати, односно законот и овие средства доволно ќе бидат за Македонија да бидат депозит во било која странска банка, за да може преку тој депозит да се користат отворање на акредитиви, гаранции и сите други гаранции што ќе ги барат странските партнери за да може да комуницираме во тој платен промет со странство. Оттука, ако така е условен кредитот сметам дека законот треба да се прифати и таквиот закон треба да се изгласа, што јас сметам дека Сорос мора да бара одреден* гаранции кои ќе му овозможат сигурност на враќање на кредитот. Меѓутоа, тоа ќе се регулира со закон. Оттука, не гледам страв дека кредитот ќе се користи ненаменски. Зошто? затоа што овој кредит како ќе го вратиме. Ние и воопшто да не го користиме кредитот, тој ќе има огромна корист за македонското стопанство, затоа што ќе имаме плус резерва од она што беше најавено тука 20,30,50 милиона долара, во странските банки ќе имаме депозити во таа висина.

Затоа сметам дека треба овој закон да го прифатиме и што побрзо време да можеме да го добиеме тој кредит, меѓутоа да биде во ефектива, а не во стока. Во тој случај мислам дека во овој период на криза во која што се наоѓа оваа млада држава ќе биде од многу стручно значење една таква позајмица.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Бидејќи претставникот на Владата не даде одговор на она што го поставив како прашање и со гоелд на дискусиите и расправата која што се водеше, убеден сум дека би погрешил доколку со присуство ја верифицирам легитимноста на одлучувањето и затоа како пратеник на ВМРО - Демократска партија ја напушта седницата по оваа точка.

(Владимир Голубовски ја напушта седницата).

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Јас одговорив на прашања кои дотогаш беа поставени. Не можам да знам за прашања што ќе бидат поставени да одговорам. Овие се битни работи. Да биде предмет тие услови, сигурно дека тие би биле пак стативно овде наведени. Значи, не бара ниту да се блокира девизните резерви, ниту гаранции и супер гаранции од други странски и домашни банки.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 1 член 2 став 2 член 3 и член 4, и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 1 со кој се согласил претставникот на Предлагачот и тој е состав дел на текстот на предлогот на законот.

VIII/8.-

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 4 со кој се согласил и претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 3 со кој не се согласил претставникот на предлагачот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Молам дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека собранието не го усвои амандманот на член 3 поднесен од Законодавно - правната комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по тестатот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Пред да гласаме молам да се утврди точниот број на присутните да нема сомневање дали може собранието да одлучува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

68 пратеници се присутни, според тоа Собранието може да одлучува.

Минуваме на гласање.

Кој е за  молам да крене рака.

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

2 се против.

Дали некој се воздржува од гласање.

2 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за задолжување на Република Македонија во странство.

Минуваме на **втората точка** - Предлог на закон за забрана на исплати од дневен пазар, плати во бонови и натура и дивиденди во Републиката.

Ве молам, да се договориме, треба да се известат отсутните пратеници дека минуваме на втора точка и веројатно некој ќе дојде.

Предлогот на закон и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за труд и социјална политика и Законодавно правната комисија ви се поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Санде Давчев поднесе амандмани на член 1 став 2 и на член 2 алинеја 4 и истите ги повлече.

Пратеникот Санде Давчев поднесе амандмани на член 1 став 2 член 2 за бришење на алинеја 4 и за додавање нов член 2-а, а пратеникот Петар Георгиев поднесе амандман на член 5 по кој Владаната не е произнесена.

Отворам претрес по амандманот на член 1, став 2 поднесен од пратеникот Санде Давчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈАС САБРИУ:**

Амандманот на член 1 од пратеникот Давчев Владата го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, тој е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за бришење на алинеја 4 поднесен од пратеникот Санде Давчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ИЛИЈАС САБРИУ:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Почитувани пратеници знам ве молам само да ме сослушате. Да дека трпението објаснам за што е при крај, јас се работи.

Се работи за член 2 .- а.лине1а 4, Во член 2 се забранува исплата на дивиденда и ги набројува:

"-Продажба, прибавување на дополнителен капитал по втора, трета или повеќе мисии;

- се забранува затоа што се користел попуст над три години", во алинеја 3 "отплата на интерни акции ако средствата се зголемени за аконтации од нето плати, а претпријатието по годишната пресметка искажало загуби; во алинеја 5 "ако непосредно ги кредитирало работниците". Значи, тука се забранува затоа што се правени грешки по Законот кој бил за трансформација на општествениот капитал, значи тука претпријатијата правеле грешки и се забранува да се исплатува дивиденда.

Во оваа алинеја се вели: "односно уплатени со интерни акции ако има организацијата интерни акции според член 4 од Сојузниот закон". Сите организации имаат интерни акции така што бидејќи работеа исправно според член 4 од Сојузниот закон кој беше тогаш во сила. Тоа значи ако ова сега го прифатиме ќе ги казниме организациите кој работеле исправно, така што во членот 2 треба да ги поделиме, оваа алинеја да се избрише од тука и да се додаде нов член оние организации кои имаат интерни акции, за да се третираат како акции, тоа е и во предлогот, сегашниот предлог за трансформација на општествениот капитал, да си ги плаќа давачките и тие интерни акции, бидејќи тие не грешеле по тој Закон. Значи тука организациите кои грешеле и оние организации кои работеле исправно се казнуваат исто.

**ИЛЈАС САБРИУ:**

Со оглед на тоа што во текот на минатата година имавме Закон за забрана на исплата на дивиденди по сите основи, значи и по овој основ по повод оваа алинеја за која говори пратеникот Давчев и инсистира да се вгради, а тоа би значело на индиректен начин да се овозможи исплата

на дивиденди за минатата година, мислам дека не би требало да се прифати овој амандман и затоа Владата не го прифати. Реков дека минатата година ние имавме ист закон во кој имавме ваква забрана.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Јас се согласувам дека и минатата година имавме ист Закон, но ако минатата година грешевме, тогаш зошто да продолжиме таа грешка да ја правиме. Јас не се согласувам ако минатата година сме грешеле дека треба нон стоп да поддржуваме една грешка која е направена. Ако треба да се исправи грешката , да ја исправиме.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, јас го подржувам мислењето на министерот не од причина што минатата година имало забрана, туку од причина што информацијата која што ја добивме по повод Нацрт законот за трансформација на општествениот капитал добивме можност да видиме дека некаде според согледувањата на сегашната финансиска институција во државата СОК околу 90% од претпријатијата оваа трансформација ја имаат извршено на нелегален начин односно не согласно законските прописи. Ако е така, тогаш не можеме само врз основа на тие 10% за кои не знаеме точно кои се да предвидиме можност за исплата на дивиденда.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака.

8 пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот, не го усвои на член 2 за бришење на алинеја 4 поднесен од пратеникот Санде Давчев.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2-а, поднесен од пратеникот Санде Давчев.

**САНДЕ ДАВЧЕВ**: (од место)

Го повлекувам.

**СТОЈАН АНОДВ:**

Добро, овој амандман пратеникот го повлекува.

отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од пратеникот Петар Ѓорѓиев.

**ИЛИЈАС САБРИУ:**

Пратеникот Петар Ѓорѓиев предлага Законот да важи заклучно со 31 март. Ние сме во фаза на изготвување на законот за трансформација на капиталот, но не можеме предвреме да прејудицираме кога тој закон ќе биде донесен од Собранието. Затоа, ние не можеме во овој период да го прифатиме овој амандман. Затоа Владата стои да не го прифаќаме амандманот.

**ПЕТАР ЃОРЃИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, основниот мотив да го поднесам амандманот на законот е во суштина на забрзување на обврската што ја имаме пред Собранието на Републиката во поглед на донесување на законските прописи кои имаат влијание врз вкупниот живот во републиката. Сметам дека можеби во текот на

расправата за самиот закон, а сега да потенцирам дека воопшто немаше потреба од донесување на ваков закон, доколку законските прописи кои ги презедов- ме од поранешна Југославија ги почитуваме и спроведуваме. Инаку, сметам дека воопшто нема потреба до донесување закон за забрана на исплата на плати во форма како што е и во самиот закон, на плати во вид на бонови, во натура итн., бидејќи никаде и не постои пропис со кои е дозволена исплата на личните доходи. Од тука, во отсуство на еден таков пропис, а во функција веќе прифатена во праксата како една појава која сметам дека Службата на општественото книговодство требаше да ги санкционира корисниците на општествени средства,си создаде за себе и работа, со тоа што на одреден начин го толерираше ова исплаќање и на одреден начин не ги применуваше законските прописи. За да не биде присутна оваа појава и понатаму, за да се забрза и постапката за донесување на законските прописи, пред се Законот за сметководство кој сигурно еден дел од материјата ќе ја регулира, Законот за финансирање кој ние го донесовме веќе ја регулира материја за исплата на сите корисници на општествени средства и по тој основ може да се санкционираат сите субјекти. Доколку не се прифати амандманот, сметам дека ќе се дозволи и понатаму да се толерира една пракса која ќе има и те како последици, а самите последици и сами гледаме се веќе присутни со тоа што не можат да се обезбедат средства за финансирање на институциите односно јавните служби. Тоа може да с« види и од самиот предлагач на законот. Наместо предлагач на законот да биде Министерството за финансии, што треба да врши контрола и санкционирање на сите овие недостатоци, односно сите прекршители, сега гледаме предлагач на Законот е Министерството за труд и социјална политика кое ги чувствува само последиците од неплаќањето на придонесите.

По однос на прашањето на дивиденда сметам дека воопшто не треба да се санкционира бидејќи и во нашата пракса ние немаме искуство за резултатите од трансформацијата и онаа што досега е направена, а не да ги спречуваме и тие што веќе исправно по Законот извршиле трансформација на сопственоста и веќе треба да ги почувствуваат резултатите од таквата трансформација, што значи дека треба да се издвои посебно делот за санкционирање на дивидендата и да се овозможи на оние кои според законот или преку законот обезбедиле трансформација на сопственоста, да ја почувствуваат на одреден начин и ползата на една таква трансформација и со тоа веќе да се создаде и кај другите стопански субјекти едно чувство или една потреба за побрза примена на законскиот пропис кој го очекуваме, а тоа е Законот за трансформација на општествениот капитал. Значи основните мотиви ни беа во тоа да се забрзаат постапките за донесување на законските прописи, а не и да се кочи во делот на остварувањето на во што е сега обврска во делот на острвувањето на законските прописи кои сега се во функција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор? (никој

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

16 пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 5 поднесен од пратеникот Петар Ѓорѓиев.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

**ГОРАН ЗАФИРОВСКИ:**

Би го запрашал предлагачот дали оваа забрана се однесува и на теренскиот додаток, затоа што имам информација дека има санкции од СОК за исплата на теренски додаток на некои правни лица.

**ИЛЈАС САБРИУ:**

Овој Закон нема врска со теренскиот додаток, теренскиот додаток се исплатува врз основа на Колективниот договор. таа проблематика таму е регулирана и согласно тој Колективен договор и статутите односно правилниците на претпријатијата мора да постапуваат и да го почитуваат

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

1 пратеник е против.

Дали некој се воздржува од гласање?

5 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за забрана на исплата на плати од дневен пазар, плати во бонови и натура и дивиденди Во Републиката.

Дали да одиме на третата точка од дневниот ред? (да)

Преминуваме на **<u>третата точка</u>** - <u>Информација за досега презементите активности за зачленување на Република Македонија во Меѓу- народните финансиски организации.</u>

Информацијата и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Господинот Тодор Петров бара збор.

(Некои од пратениците излегуваат од сала, при што претседателот вели: ве молам, само да има постојано повеќе од 61 пратеник овде за да можеме да работиме. Инаку, присилно одиме на пауза.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Би сакал претставник на Владата да даде одговор бидејќи со Информацијата се предложени одделни заклучоци кои треба да ги потврди Собранието дали е целесообразно донесувањето на тој заклучок, имајќи го предвид следното.

Во Информацијата се наведува дека Меѓународниот монетарен фонд поставува определени услови за наследување на членството на поранешна СФРЈ во Фондот и тоа, еден од условите и прв - да се извести Фондот во рок од еден месец од донесување на Одлуката на Фондот, што значи до 14 јануари 1993 година, дека наследничката се согласува со нејзиното учество во средствата и обврските". Бидејќи денес сме 15, поставувам прашање ако тоа Владата веќе го направила, а очигледно дека го направила или ќе добиеме договор за да видиме како постапила, се поставува прашањето дали е целесообразно да се донесе заклучокот со кој Владата ќе се овласти и задолжи да ги преземе потребните

активности за потпишување на неопходните документи за зачленување во овие Меѓународни финансиски организации, заради тоа што барањето кое што го наметнува Меѓународниот монетарен фонд за поднесување барање до 14 јануари 1993 година, ќе треба да не кореспондира со заклучокот кој што е предложен и кој работните тела го предлагаат по Собранието според кот Владата ќе треба да ги преземе потребните активности за потпишување на документите за зачленување од моментот кога Собранието ќе го донесе тој Закон, тоа значи сега 15 јануари, кога дојде на дневен ред расправата по ова прашање. Тоа е едно за што сметам дека Владата треба да даде одговор при изјаснувањето.

Меѓутоа, од друга страна, сакам да ја изразам несогласноста на предложениот заклучок со членот 121 од Уставот на Република Македонија во кој што децидно се наведува дека одлука за стапување и истапување од членство во Меѓународни органи, организации и заедници донесува Собранието на Република Македонија на предлог на претседателот на Републиката, на предлог на Владата и на предлог на најмалку 40 пратеници. Бидејќи таква одлука за стапување во членство на Меѓу- народниот монетарен фонд и Светската банка како едни од многуте меѓународни организации, во кои поранешната СФРЈ членувала, ова Собрание нема донесено, се поставува прашање дали може и дали има Уставен основ задолжувањето на Владата или одлучувањето во Собрани- ето со заклучок да се зачленува односно да стапува во членство на меѓународни организации и заедници.

X/1.-НН/МЛ

**ТОДОР ПЕТРОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Независно што ставот 2 од членот 3 на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија децидно стои дека Република Македонија го презема членството во сите меѓународни органи и организации во кои што членувала поранешна СФРЈ. Ова го поставувам од следните причини:

Ние и кога го донесовме Уставниот закон имаше одделни пратеници кои што побараа Владата да достави информација до Собранието во кои се меѓународни органи, организации и заедници членувала по- ранешна СФРЈ за да Собранието утврди динамика или ги преземе потребните активности да ги донесе одлуките во кои меѓународни организации, органи и заедници Собранието ќе одлучи Република Македонија да стапи во членство, за да може претседателот на Републиката формално - правно врз основа на тие одлуки да поднесе барање за стапување во членство независно од содржината на став 2 од членот 3 на Уставниот закон. Вака произлегува дека се зачленуваме во меѓународни организации само со заклучок што е во спротивност со членот 121. Такви меѓународни органи и организации ги има премногу, во кои што членувана поранешна СФРЈ и излегува дека ако Владата и одговара и кога и одговара тогаш ќе предложи заклучок во Собранието за да донесеме одлука за стапување во членство независно што Уставниот закон на кој се повикува стапи во сила на 17 ноември 1991 година.

Во Законодавно - правната комисија кога беше на дневен ред донесувањето на одлука за стапување во членство на Република Македонија во организацијата на Обединетите Нации беше поставено истото прашање дали е целисходно Собранието да донесува поединечни одлуки за стапување во сите организации сметајќи на автоматизмот по членот 3 од Уставниот закон. Тогаш беше нагласено дека и други поранешни републики, републики на поранешна СФРЈ, конкретно

Република Словенија,  Република Хрватска во пакет ги донеле сите одлуки за стапување во членство како формално правни акти на собранијата на законодавната власт, сите закони за ратификација на договорите кои што ги ратификувала поранешна СФРЈ и истите влегле во сила. Во Законодавно - правната комисија беше истакнато дека следејќи ја таквата аналогија и Република Македонија ќе биде потребно да го стори истото. Група пратеници, тоа значи најмалку 40 поднесоа Предлог на одлуки за стапување во членство на Република Македонија во Меѓународниот монетарен фонд и во Светската банка, меѓутоа мислење од Владата ниту добивме, ниту пак се стави на дневен ред иако беа во контекстот на оваа информација. Ние овде добивме едно согледување дека претседателот на Републиката поднел барање уште на 8 јуни за стапување во членство на Европската банка за обнова и развој,во Меѓународниот монетарен фонд и Меѓународната банка за обнова и развој на 8 јуни 1992 година меѓутоа формално - правно одлука Собранието нема поднесено. Затоа сметам дека во преземањето на членството во меѓународните органи, организации и заедници во кои што членувала поранешна СФРЈ, како и во преземањето на договорите кои што ги ратификувала поранешна СФРЈ ќе треба да се пристапи еднообразно во сите случаи што значи како што се почна кај Одлуката за стапување во членство на Организацијата на Обединетите Нации, така ќе треба и за сите останати, а во рамките на тоа и за Меѓународниот монетарен фонд и за Светската банка и за Меѓународната банка за обнова и развој и за Европската банка за обнова и развој, кои што се на овој дневен ред да се донесат поединечно формално - правни одлуки. Затоа сметам дека за мене е неприфатлив пред- ложениот заклучок да со заклучок Републиката стапува во членство во меѓународни органи, организации и заедници, туку тоа треба формално- правно да се направи со одлука како што е децидно утврдено во членот 121. Тоа е една забелешка и затоа заклучокот формално - правно не го  прифаќам, а од

друга страна Владата даде одговор бидејќи Меѓународниот монетарен фонд даде рок изјаснување односно известување на овие институции најдоцна до 14 јануари дали Владата презела нешто, бидејќи денес сме веќе 15 па да не излезе дека и овој заклучок воопшто не е целисходно да го донесе ова Собрание.

**ЉУПЧО ТРПЕВСКИ:**

Пратеникот Петров полагаше кај мене еден испит и доби ви- сока оценка но оваа материја не беше за таа оценка.

Ние бевме известени од Фондот на Република Македонија дека Фондот на 14 декември одлучил петте држави што настанаа на тлото на бившата СФРЈ да бидат наследнички во членството во Меѓународниот монетарен фонд и дека веќе не постои членството на СФРЈ во Фондот.

СР Југославија, денешна Србија и Црна Гора инсистираше да тие си продолжат да бидат наследнички на членството во Фондот и во Светската други држави да поднесат ново барање за зачленување. Тоа значи со нови средства уплатување и процедурата трае обично 6 до 7 години за прием во членство. Ако поставувавме вака како што заговара пратеникот Петров тогаш ќе бевме како нова членка во Фондот. Ние на овој начин остануваме членка од 1945 година, откога Југославија беше членка на ФОНДОТ, не треба да уплаќаме нови средства. Ова што беше поставено дали до 14 сме одговориле Владата одговори дека се согласува со поделбата што е направена од страна на стручњаците на Меѓународниот меѓународен фонд за тоа на која држава колкав дел од квотата и припаѓа и колкав дел од обврските и припаѓаат во Фондот. Дури сега следи процедурата на поединечен прием на секоја од одвие држави, затоа што на некоја може да иречат дека не ги исполнува условите кои што ги поставува Фондот и нема да Ја прими. Се знае од прилика на која држава се мисли, а другите држави поединечно да ги

X/4.-

прима со тоа што нивното членство се брои од 1945 година. Заради тоа кога со Народна банка ги направивме сите пресметки на кои што е направена поделбата според одредени параметри немаме причини да не се согласиме околу поделбата и сите други држави испрати- ја такво известување дека се согласуваат. Откако ќе не прими Бордот на директорите испраќа документи кои што овој Парламент треба да ги прифати. Според тоа почитуван пратеник Петров уште рибата е во море.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието ја поддржува Информацијата за досега преземените активности аз зачленување на Република Македонија во меѓународните финансиски организации и препорачува на Владата на Република Македонија и Народната банка на Република Македонија да ги преземат сите потребни активности за поттикнување на донесувањето на неопходните документи за зачленување во меѓународните финансиски организации за реализирање на финансиската соработка со тие организации.

2. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела да се достави до Владата на Република Македонија.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (55 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (3).

Молам, службите да избројат колку пратеници се присутни во салата.

(Службите ги бројат присутните пратеници).

64 пратеника се присутни, па очигледно шестмина не гласале.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **<u>точката 4</u>** - <u>Информација за состојбата со електричната енергија и посебно за ограничување на потрошувачката.</u>

Молам, претставник на Владата да даде информација.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници во врска со состојбата на електричната енергија во Републиката некаде на крајот на минатата година и денес е доста напрегната и се одвива со чести прекини во нормалното снабдување на сите потрошувачи во Македонија. Поаѓајќи од состојбите со кои што се соочува пазарот на Републиката околу обезбедувањето со електрична енергија Министерството за стопанство презеде повеќе чекори во насока на ублажување на овие состојби. Меѓутоа, со оглед на фактот дека расположливите количини на електрична енергија беа за 10 до 20% помали од потребите, Комисијата за одредување на редукции во услови на недостиг на електрична енергија постапи согласно Одлука- та по која што е формирана и воведе втор степен на редукција.

Со воведениот втор степен на редукција се предвидува големите потрошувачи да ја намалат потрошувачката на електрична енергија за 10%, дистрибутивната мрежа кај 20 киловонтните потрошувачи да се намали за 5% и кај домаќинствата, значи кај широката потрошувачка

Со оглед на фактот што најголемиот дел на електрична енергија е токму во дистрибутивната мрежа, а многу помалку кај големите потрошувачи, овој степен на редукција не ги даде очекуваните резултати. Вкупно во Републиката има можност за производство на 18 милиони киловат часови електрична енергија на ден при што 16 милиони киловат часови од термоелектраните и 2 милиони киловат часови од

хидроелектричните централи. Меѓутоа со оглед на неповолната хидролошка состојба во Републиката, ваквото производство на хидропотенцијалите доведе до намалување на нивото на акумулациите во нашите езера на кои што има и електрични централи.

Во овој период дојде и до прекин на увозот на електрична енергија од електроенергетските системи на соседните земји поради проблеми со кои што и тие се соочуваат, така што дневниот конзум, кој што во деновите кога имавме енормно ниски температури, кои што се движеа и до минус 25° дневниот конзум се движеше и до 21,5 милиони киловат часови електрична енергија на ден. Од тие причини беше неопходно воведување на овие рестрикции.

Меѓутоа очекуваните резултати изостанаа поради што Комисијата за утврдување на рестрикции во услови на недостиг на електрична енергија, во која што членуваат претставници од Електростопанство на Македонија од големите потрошувачи (Железара Скопје, Југохром, Фенимак, ОХИС, Бучин) одлучи и утврди дека ефекти ќе се постигнат само доколку рестрикциите кај домаќинствата најмалку во траење од 10 часа на ден и тоа секој трети ден. Ваквиот начин на рестрикции секако многу неповолно се одразува кај домаќинствата, меѓутоа ние бевме соочени со еден голем недостиг кој што мораше на некој начин, на ваков начин да се одрази и врз нормалните текови на животот.

Владата на Република Македонија, како и Министерството за стопанство остваруваше контакти со надлежни органи во соседните земји за обезбедување на дополнителни количини на електрична енергија, меѓутоа со оглед на одредени хаварии кои што таму беа присутни не беше во можност да се обезбедат овие количини.

Широката потрошувачка, односно дистрибутивната мрежа дневно има конзум околу 15 милиони киловат часови електрична енергија, а директните потрошувачи трошат некаде околу 4,7 милиони килвоат

часови електрична енергија. Расположливото производство на електроенергетските капацитети во Македонија е 18 милиони киловат часови електрична енергија што доведува до еден недостиг од околу 1,5 милион киловат часови електрична енергија.

Денес имаме состојба да се обезбедени количини од увоз меѓутоа соочени сме со една несигурност во овој увоз од причини што тешко се постигнува договор за увоз на еден подолг период со оглед на временските прилики и со оглед на несигурноста на електроенергетските системи и во другите земји околу Македонија. Би требало за една дополнителна информација да се каже дека поранешна СФРЈ беше во рамките на централниот систем на Европа кој што после војната во Хрватска е разрушен така што денес технички постои можност нашиот електроенергетски систем да биде врзан и е врзан со електроенергетските системи на Грција, Србија и на Црна Гора. Дистрибутивните можности за испорака со Бугарија и со Албанија се ограничени поради малиот пресек на преносните врски.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:** (Продолжение)

Од тие причини во овој период се јавија овие проблеми што често пати може би добиваат димензии вон она што значи производство и снабдување, што секако има и краен неповолен ефект.

Во овој период поради зголемената потрошувачка на ел. енергија од хидоросистемите дојде и до намалување на ел. енергија што ја имаме акумулирано во нашите акумулации и таа е намалена од 68,7 милиони киловат часови на 1 јануари, на 47 милиони киловат часови на 14 јануари, значи со вчерашниот ден.

Од овие причини, неопходно е и натаму исклучително сериозно внимание да се посвети на начинот на користење на ел. енергија, да се почитуваат степените на редукции и да се врши максимално штедење кај оние потрошувачи што во овој период можат тоа да го сторат. Накусо, ова е една глобална слика за ел. енергетската состојба во Републикава. Доколку има прашања подготвен сум да дадам дополнителни податоци.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Бидејќи енергетскиот систем во Републикава се наоѓа во критична состојба поради недостиг на ел.енергија, а од друга страна имаме зголемена потрошувачка поради неповолните временски услови, со ваквото оптоварување на целиот систем за ел.енергија се појавуваат многу дефекти на ниво на Републиката. Но, најтрагичен е дефектот што се случи во главната трафостаница во општина Кума- ново пред 25 дена. Така дојде до тотална блокада на ел.мрежа во оваа општина, со што се загрозени нормалните услови за живеење.

Меѓутоа, иако стручните екипи работеа за отстранување на дефектите, резултатите од овие интервенции не ги знам, бидејќи теренот сеуште не е снабден со ел.енергија како што е случај со Липковскиот терен и неколку реони во градот, со што се ствара револт кај граѓаните. Затоа, во името на овие граѓани барам од Владата да интервенира до Електростопанство на РМ, како би се истите редовно снабдиле со потребната ел.енергија.

Воедно, ја користам можноста на крајот, бидејќи сум на говорницата да се обратам до Владата, во име на родителите Албанци чии деца се ученици во гимназијата "Гоце Делчев", во Куманово и барам на овие ученици да им се обезбеди мир и спокојство како не би се

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа не е на дневен ред.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Како на нивните колеги македонци, а се со цел... .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, втор пат ве прекинувам и ајде се што имате да кажете во врска со дневниот ред. Само тоа.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Извинете, бидејќи се работи за еден сериозен проблем....

**СТОЈАН АНДОВ:**

За струјата се работи. За струјата се дискутира сега.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Знам дека е за струјата, но дозволете....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не можам да би дозволам јас г-дине Шакири....

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Да завршам уште една реченица имам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не може друга точка на дневен ред да дојде сега. Немојте ве молам. Ако имате уште за струјата да кажете, за ел.струја....

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Знам г-дине претседателе дека се работи за струјата...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само за струјата. За тоа можете да кажете.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Но, вие како претседател подобро од мене го знаете проблемот во Куманово и затоа дозволете да завршам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само за струјата и за енергијата ве молам. Ако треба да дојде на дневен ред ќе си предложите.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Тука се работи за проблеми што може да предизвикаат...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, за тоа ќе си покренете вие на дневен ред да дојде овде или во Владата. Затоа, сега напуштете ја говорницата ако нема што да кажете за ел.енергија.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Ве молам, ние баравме помош од Владата, бараме помош од сите државни структури

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине Шакири, ве молам, г-дине Шакири...

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Но немаме, не успеавме....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ви го одземам зборот натаму.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Уште една реченица и готово.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не може за тоа. Немојте такви работи. Токму тоа треба да го избегнуваме. Имаме точка на дневен ред. Немојте така.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Јас потполно ве разбирам...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте, немојте. Доволно е тоа. Ви кажав. Немојте.

(присутните пратеници реагираат со барање да се прекине седницата)

Ќе ме принудите да ја прекинам седницата, а тоа не е добро. Напуштете ја говорницата сега, ве молам, Готово е тоа. Немојте сега. Напуштете ја говорницата господине Шакири, ќе ја прекинам седницата.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Уште еднаш го повторувам....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не може тоа да го повторувате. Друга е таа работа. Немојте такви работи.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Ако дојде случајно до некоја жртва....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте такви работи.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

После кој ќе одговара.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте, немојте. Тоа е друго прашање. Не е на оваа седница и по оваа точка.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Овие структури треба да одговараат...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, структурите не ги, секој си има уставна одговорност. Одете натаму, ајде.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Па никој не....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам г-дине Шакири, немојте така. Замислете, Собранието не може да одговара ни место министерство ни место министер ни место Влада. Владата си одговара за тие работи. Разберете само она што е на дневен ред, само тоа може да се расправа. Збор побара господин Мицевски.

Немојте така, да не вметнуваме точки што не се на дневен ред. Не може така.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, наполно ги разбирам и Владата и Министерството за стопанство што се наоѓаат во една ваква ситуација во недостиг на струја и оптовареност на

потрошувачите. Меѓутоа, сакам да искажам едно мислење од Битола и тоа особено од битолските села што исклучиво имаат водоводи и исклучиво само на хидрофори, каде нема водоводи и ако дојде до прекин, барем сега, два часа сите тие ќе бидат премрзнати и хидрофори и водоводни цевки и се. А, во селата, ве уверувам, никој не употребува високо - напонски апарати за трошење на струјата, освен што служи за осветление, некои мали ел.шпорети и плус најважно, хидрофорите. Целата инсталација е на тоа.

Замислете во моментов Битола и околината е зафатена е од таков студ каде што постојано е под 25 до 35 степени и замислете што би се случило ако во овие села, каде што водоводите се сите на хидрофори се прекине 2-3 часа, не 10 часови, каква материјална штета би се направила. Колку хидрофори би биле уништени, колку водоводи, а особено што населението би останало во сите тие села без вода.

Јас молам, ако е тоа можно, барем во селата каде што исклучиво водоводите се на хидрофори да нема во овие делови додека трае, не постојано, туку во деновите додека падне оваа ниска температура да се сведе на минимумот под нулата да не доаѓа до замрзнување, тогаш би можела да се врши рестрикција и таму.

Јас сметам дека треба Министерството за стопанство и Владата да најдат разбирање и ел.стопанството и оваа молба од селата да ја прифати, не само битолските, туку и други села во други општини можеби има други села што се служат со водоводи на хидрофор.

**ДУШКО ГОРГЕСКИ:**

Почитувани пратеници, ја слушнавте информацијата од министерот за енергетската ситуација и добро е што на крајот заврши со

тоа дека повеќе не ќе има рестрикции. Сигурно тие рестрикции не се надминати онака како што располагаме со енергија во Републиката, но се договори она што значи дотур на енергија од енергетските системи со кои е поврзан републичкиот систем.

Меѓутоа, и кога дојдовме во ситуација и свесни за тоа и да сме во една ситуација што значи жестока енергетска криза на сите фронтови, ние многу малку како Собрание на тоа му посветивме внимание, затоа што ако се вратиме station наназад 2-3 дена што дискутираме ќе видиме дека многу малку создаваме подлога за санација на одредени проблеми со кои се судруваме, севкупните проблеми со кои се есудираме во општеството, не само на енергетски план, туку и на здравствен итн.

Меѓутоа, да се вратам на оваа точка. Мислам дека во време кога Републиката се судира со жестоки кризи од сите страни и уште ако дојдеме во ситуација дадеме да немаме дотур на енергија, не само за основните животни потреби на населението туку и за работа на оној дел од стопанството што еве и во вакви услови, во ваква беда, со вакви проблеми во стопанисувањето дојде до тоа да нема енергија, мислам дека поскапа енергија од таа што ја нема не постои.

Според тоа, сметам дека одредените чекори што се преземени во правец на санација на овие проблеми, сигурно се оправдани и друга алтернатива нема. Односно, сметајќи на капацитетот што располагаме во Републикава, и сигурно со купување додатни количини што можат од енергетските системи со кои сме ние поврзани. Тоа е едно.

Второ, сметам дека досегашниов начин на водење, односно на регулирањето на ел.енергија, штедењето, понатаму тарифните ставови и нормирањето, мислам дека придонесоа да дојдеме во една ваква ситуација. Ние мора да признаеме дека единствена можеби во свет е РМ која не почитува никакви тарифни ставови при трошењето на ел.енегија. Тоа значи дека и големи потрошувачи и мали потрошувачи, директни, индиректни, потрошувачи со загуба итн., да не ги набројувам сега и ве заморувам, сите доаѓаат под една цена на ел.енергија што е нон сенс. Мислам дека никакви други заклучоци, ниту исклучувања, ниту незнам какви санациони мерки нема да придонесат ако не ги оживееме тарифните ставови што ги укина експертската Влада, а тие да останеа во живот. Мислам дека е тоа единствен излез затоа што со досегашнава ситуација доведовме и во селата таму каде што е најповолно да се користи друга енергија за затоплување одиме на загревање ос ел.нерегија. Дојдовме во ситуација навистина таму каде што нема друга алтернатива да останат без ел.енергија и да бидеме во ситуација да се препуцаваме таму преку средствата за информирање да премрзнуваат граѓани, да имаме удари, да имаме последици и огромни додатни трошоци за санација на ситуацијата во која сега се наоѓаме.

Значи, основно е тоа, прво задолжително набавка што веќе е покренато, второ, сигурно сите потрошувачи соодветно треба да учествуваат во компензација односно наплата на истата, потоа задолжително воведување, мислам дека треба да бидат дел во овие заклучоци по информацијата задолжително заживување на тарифните системи кои неправедно ги избришавме. Тоа нонсенс. Тоа никаде го нема во светот.

Трето, сигурно мора да оставиме дел од енергијата што е потребна, односно заштеда на хидроенергијата. Ако воведеме ќе ја

штитиме. Ако не, во критичните периоди сигурно ќе има.

Исто така од име на дел од големите потрошувачи, како "Југохром" сигурно можам да кажам дека во ударните периоди ние мора да сносиме дел од последиците. Први сме тие што треба да редуцираме одредена потрошувачка. Тоа го почитуваме за да граѓанството има нормално снабдување. Сметаме дека редукцијата меѓу граѓанството не дава резултати.

Големите потрошувачи мора да бидат флексибилни бидејќи се неопходни на системот. Денесдка читам во "Нова Македонија" од деканот на Електротехничкиот факутлет кој исто така треба малку да ги проучи и големите потрошувачи што значат пеглачи на енергија, што стварно голтаат енергија, но нивната флексибилност допушта во периодот кога таа енергија нема каде да оди да биде таму трошена, да не оди во ветер. Сигурно за тоа треба поголема елаборација.

Понатаму, во секој случај со оваа проблематика мора поконкретно да се позабави односно да има задолженија не само Министерството за стопанство, туку сигурно и Владата а сигурно и "Електростопанството" каде што имавме во минатиот период дел до големите слабости, во смисла на основот на искористување на ТЕ "Осломеј" и други агрегати што и те како придонесоа дел до хидроенергијата да биде потрошена и да дојде во една ситуација што значи минимум што сепак треба и во овој период да го штитиме затоа што никогаш нема гаранција дека некои од поголемите извори на термоенергија не може да испадне во одредено време и да дојдеме во покритична ситуација кога не ќе можеме и од друг систем да повлечеме.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани пратеници, сосема кратко би го обрнал ваше внимание, независно од тоа што сите не сме во областа за која се дискутира, мислам дека проблемите на сите од поодамна ни се добро познати.

Познато е дека Македонија е сиромашна со сите видови енергенси. Познато е дека сиромаштвото со некои енергенси што не се наоѓаат во Републиката предизвикува недоволно снабдување со енергенси и во други области, како што е случајот на пример недостапноста наша до индустриски гас што би заменил дел од потребите на мазут кој што ослободени би оделе во ТЕ "Дуброво" во Неготино итн.

Меѓутоа, сосема е јасно дека секоја држава која сака да обезбеди стабилни услови за стопанисување, меѓу првите услови што секако мора да ги обезбеди, е стабилноста во снабдувањето со енергија, посебно кога станува збор за темата за која што денеска зборуваме, обезбедувањето на стабилно снабдување со ел.енергија.

Ако тука имаме нестабилност не само што ќе имаме стабилност во производните процеси, во производните организации, да се почувствуваат последиците во сите сфери на човековото живеење, до превозот, кој што кога зборуваме за вакви проблеми е најмал проблем.

Меѓутоа, со оглед на тоа што се наоѓаме во ситуација во каква се наоѓаме и со оглед на тоа што сите земји кои обезбедуваат стабилни услови за стопанисување, имаат по неколкукратно осигурување за обезбедување енергија и посебно по неколкукратно обезбедување со сигурноста на снабдувањето со ел.енергија, ние како држава ако сакаме

тие услови да ги зачуваме за стопанисување, не смееме да се доведуваме во слични ситуации во какви што во минатиот период упаѓавме и во какви упаднавме сега.

Имено, прашањето е прилично добро во овој момент разрешено со тоа што недостигот н електроенергијата го покриваме со увоз. Меѓутоа, кога станува збор за еден таков битен предуслов за стабилно стопанисување, ниту една држава не може да се потпре само на покривање на недостиг на ел.енергија со увоз, заради тоа што се наоѓаме исто така во едно опкружување што не е многу побогато од нас со енергенси, што не е многу побогато од нас со ел.енергија и може во ваква ситуација да се доведеме на соседите што ни испорачуваат ел.енергија таа им треба повеќе отколку што имаат од неа корист со продавањето, да се стопира и тој избор и да се доведеме во ситуација со што ќе го блокираме целото стопанство и ќе го парализираме животот во Републикава.

Производните капаците што тропата најмногу енергија во - РМ се така димензионзирани да сите производни капацитети за ел.енергија во РМ во најкритичните моменти бидат во погон. Најголемиоот недостаток на ел.енергија во моментот е резултат на тоа што не е во погон ТЕ "Дуброво" во Неготино што работи на мазут и која што може би не е во погон од оправдани причини заради недостиг на мазутот што не можевме да го обезбедиме со блокадите. Меѓутоа, ми се чини дека стабилитетот со снабдувањето со ел.енергија и до сега и од сега натаму ќе зависи од тоа дали во секој момент ќе бидеме подготвени да обезбедиме предуслови по потреба, како што рече колегата Горѓески, кој извонредно добро се разбира во проблематиката, го вклучиме и овој производен капацитет заради тоа што производството на ел.енергија не е производство на завртки и навртки кои што влегуваат во производниот

процес со обично преподесување на одредени машини. Ел.енергија, кога се произведува, како што рече Горѓески, мора да има крупни потрошувачи кои во моментот кога останатата потрошувачка ќе биде,намалена, ќе може да ја консумира таа енергија, ќе може да вршат пеглање во системот.

XII/1 СЈ/ЛБ

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ**: (продолжение)

Од тука основната задача и основното решение покрај тоа што треба да има измени во тарифите да се стимулираат одредени потрошувачи во одредени моменти а други да се дестимулраат за да имаме порамноправно оптоварување,, сепак го гледам во тоа Република Македонија да обезбеди услови во критичните моменти да може да влегува во погон термоелектранаата "Дуброво " во Неготино. Затоа идејата беше денешните наши заложби, да се донесе законот, за обезбедување на кредитот од 25 милиони долари заради тоа што дел од тие средства ќе бидат наменети за мазут и ќе можеме да обезбедиме предуслови по потреба во накритичните моменти да влегува во работа точно тој капацитет кој што ќе обезбеди прилично доволно енергија да не бидеме исклучиво врзани на увозот и да не зависиме од расположението пазарно или непазарно на соседите кој што моментално испорачуваат енергија за да можеме колку току да го отслужуваме електро енергетскиот систем.

**ХАМИД АЛИУ:**

Господо пратеници, ценето претседателство, јас не сум стручњак за оваа бранша, меѓутоа не би било убаво од говорницата да кажеме кој со што ќе се грее по конкретно од 93 година, а целта ни е за Европа. Јас овде излегов од една проста причина и имам едно прашање за соодветното министерство. И порано ние не сме имале струја со неработење на хидроцентралата Осломеј и другите, меѓутоа сепак не сме имале вакви рестрикции. Па поставувам прашање на соодветното министерството. Дали има причина или да ли е во прашање техничкиот фактор односно опремата на нашиот енергетскиот систем заедно со хидроцентралите.

Второ прашање е дали не треба да дава одговорност комисијата за енергетика која даде без фундаментална анализа предлог за своите

категорични рестрикции.

**СТОЈАН АНДОВ;**

Почитувани пратеници, дами и господа, сигурно дека е незгодно по еден ваков повод ние за енергетиката да раправаме. Ние во Собранието би требало да раправаме за енергетиката, за нејзините развојни насоки и за проблемите би се поставувале од тој аспект. Но ние сега овде прифативме да расправевме по оваа информација со многу малку можности нешто ние да сториме освен нешто да кажеме, да се искажеме за некои прашања, а сами ние треба да бидеме свесни дека многу малку можеме да сториме.

Јас се согласувам со оценката дека ние многу односно дека исклучително тешка енергетската ситуација и не би навлегувал сега во оценка како зошто е таа таква и,мислам дека редукции ќе бидат неизбежни, а ќе спомнам само неколку акутни прашања. Мислам дека покрај тарифниот систем кој треба да се ревидира и обнови треба да се погледа целокупната област на цените на енергијата, посебно на електричната енергија, дади овие цени, точно е господин Горѓевски што вели дека сите цени се исти за сите врсти потрошувачи што тоа нигде го нема тоа е точно, но сите цени на електричната енергија во Македонија се далеку под светските цени, под оние цени на енергија под кои ние ја увезуваме енергијата и ја добиваме. Сигурно не е популарно сега за тоа да се разговара, меѓутоа треба да бидеме свесни за сите тие работи и треба да знаеме оти во економијата прашањата економски се решаваат не по чувство не по желби итн.

Второ прашање по кое сакам овде да укажам, мислам ако ние ретко се навраќаме, а многу ретко се навраќаме на овој проблем, јас би ја искористил можноста да им обдадам признание на сите вработени во РЕК Битола и во РЕК Осломеј кој минатогодишниот период

исклучително добри резултати, а после ремонтот и во Осломеј исклучително добри резултати постигнуваат, а во Битола особено и сакам да ви обрнам внимание сите ние имаме и како пратеници и како луѓе писма и некако немоќни излегуваме на нивните укажувања. Видете непречено работи рудникот во Битола во овие услови направиле доволно залиха непречено да работи електраната. Условите во кои работат луѓето во рудникот исклучително се тешки и тие подлежат на истите мерила на личните доходи и нивните ограничувања како секој друг од нас и сите сегде итн. мислам оти крајно време е надлежните органи да најдат излез тие луѓе да ги охрабрат, да им се оддаде признание, да к>е виде како ќе бидат платени за да биде сигурна работата оти тој и натаму ќе дава се од себе за да можат  тие капацитети да работат. Тие неколку работи треба да се завршат, да се погледаат и уште би рекол дека е неопходно што поскоро да се увезе мазут да се активира електраната во Неготино заради тоа што енергетската ситуација во соседните земји е таква да не можеме ние да сметаме, да очекуваме стабилен увоз и стабилни коли- чини на увоз. Бидејќи овој кредит што сега одлучивме да го земеме малку ќе задоцни додека се направат договори итн., Владата би требало да отсече и од девизните резерви, а потоа нека ги надокнади од кредитот,  што поскоро да заклучи да се довезе мазут барем еден месец, два несметано да работи Неготино за да може некоја компензација на огромните штети кои би настапиле, тоа да се изврши и тие штети да се намалат.

Во овие признанија за кои зборувам а ги заслужија сите вработени во Битола пред се, а јас сеуште имам информации дека и Осломеј сега добро работи сакам да ги вклучам и вработените од дистрибутивната мрежа кои настојуваат што повеќе да ги отстранат овие расипувања кои сега се случуваат и кои многу можат да не чинат сите нас. Има цели

краишта каде ако нема таков напор од луѓето трајно би останале под мрак. Јас со тоа не велам дека политиката во целото електростопанство и во дистрибуцијата е правилна и добро водена, опремата стално е добро чувана итн., тоа е друга работа. Друго е прашањето дали ние можеме така лесно да ги отстраниме нескладите меѓу трансформаторксата снага, меѓу потрошувачката снага кога настапува, па производството итн. Тука има крупни несклади и тие треба да се видат, само тие не зависат од оние луѓе кои што таму непосредно работат. Према нив треба навистина да имаме големо разбирање.

А сега пак да се вратам на увозот на мазутот. Исто така мислам надлежните,органи треба да поведат сметка какви енергенси се увезуваат. Овде стана збор за многу пофалби на тие поединечни увози од приватници. Јас се согласувам дека ние треба да го, помагаме тој приватен увоз со се што можеме во рамките на еден систем кој го имаме и кој го сакаме да гоствараме. Меѓутоа, техничките нормативи за квалитетот на мазутот мора да бидат до крај добро контролирани и применети без оглед тука и избегуваното на таа кон- трола од страна на поединечни увозници, не само приватни туку и некои организации кои не се специјализирани за тоа може да не доведе во катастрофална ситуација каква што е сега во Скопје од еколошки причини. Затоа увозот на мазутот кој треба да дојде треба да биде подреден на потребите на електростопанството, тој не смее да биде повеќе од 3%, 3,5% со сулфур, инаку ќе ја затруеме целата наша околина и не ќе можеме да живееме. Јас овие сугестии ги давам и тоа не би рекол да донесуваме некои заклучоци оти не смееме ние да ја преземеме одговорноста што ја има Владата. Поарно тие идеи тие да ги изнесат како идеи. Се согласувам дека е крајно ризично да се употребува по 2 милиона производство сега од хидроенергија кога фактички имаме ние, ние не знаеме ако дојде до

хаварија како ќе постапиме и од кого ќе повлечеме, воопшто не верувам дека да повлечеме, да го зголемиме дневното производство, нема прилив се е замрзнато, реките сега не течат.

Затоа велам дека сигурно е многу поважно сега да ги изнесеме некои идеи како може и да ги охрабриме некои потези на Владата и во електростопанството кои можат да ја ублажат кризата од- колку да донесуваме заклучоци, па да излезе дека ние ја преземаме улогата на Владата или на електростопанството зошто не можеме ние да бидеме диспечери ни оние кои ќе ги исклучуваат и. вклучуваат и пуштаат една или друга енергија. Според тоа, еве да се задоволиме да имаме расправа по ова прашање, а ги охрабриме оние потези кои можат да донесат моментални решенија, но треба да знаеме дека вистинската задача на решенијата ќе биде кога ќе можеме да погледаме една темелна информација врз основа на добро разработен енергетски биланс со насоки како можеме да ги решиме прашањата.

**ЗУДИ ЕМИНИ:**

Почитувани колеги, доста мисли ми одзеде претседателот, меѓутоа јас ќе се задржам само на некои аспекти се согласувам со предлозите на претседателот, некои идејни аспекти, да се даде можност и на Електростопанството и на надлежното министерство како понатаму да вложуваат напори да ги подобрат состојбите особено со електричната енергија.

Со неколку зборови сакам да укажам дека развојниот тренд а со тоа се разбира и потрошувачката на електричната енергија во западниот дел на Македонија во последнава декада е зголемена. Според некои укажувања а тоа е према компетентните таа е двоструко зголемена од

планираниот модел, така пред 10 или 15 години а таа постоечка мрежа не може понатаму да издржи, тие потрошувачки капацитети. Затоа како идеја да се искористи една можност да не се оди на заклучоци како од приоритетна можност на западниот дел на овие вложувања да се искористат за реконструкција, доградба и проширување на електричната мрежа бидејќи ова го нагласувам дека месното население како и досега е подготвено да учествува во реконструкција, доградба и проширување на електричната мрежа.

Овие укажувања можете да ги верифицирате и од компетентните органи, а јас навистина денеска бев замолен и од нив бидејќи со своите средства самите граѓани и месното население не може да излезе на крај.

**ПЕТАР ЃОРЃИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Информацијата која што денеска ја разгледуваме губи од својата актуелност од моментот кога беше барано пред Собранието таа да се поднесе од причина што веќе се укинати редукциите кои што беа преземени пред домаќинствата и пред конзумот. Сметам дека во делот што досега беше изнесено повеќе беа изнесени одредени податоци и состојби за самата состојба со електричната енергија, а многу малку се осврнавме во дискусијата во делот на ограничувањето на потрошувачката бидејќи не е направена една паралела на делот на потрошувачката од летниот период и потрошувачката која што сега се остварува во зимскиот период и посебно издвојување на потрошувачката од големите потрошувачи од обласста на стопанството и потрошувачката на потрошувачите од конзумот, односно од домаќинствата поделени во два дела, на потрошувачи поголеми и потрошувачи кои што имаат многу мала потрошувачка. Кога би се направило едно такво согледување

сигурно може дасе завлезе во делот на преземање на мерки, во делот на ограничувањето на потрошувачката. Јас морам да ги пренесам и тоа во најостра форма реакциите кои што дојдоа од граѓаните кога се спроведуваше редукцијата на електрична енергија за домаќинствата, посебно од потрошувачи што се мали,'а подеднакво требаа да ги понесат сите тие потешкотии што ги има секое домаќинство во делот на преземањето на самата редукција. Оттука неминовно е не со заклучок туку да се преиспита во рамките на Владата прашањето на тарифниот систем и во секој случај да се разграничат потрошувачите само преку цената. Доколку сака некој да се грее на електрична енергија, тогаш;сигурно треба да плати адекватна цена, ама не треба да понесе или истиот дел да го понесува домаќинството кое што има сосема мала потрошувачка. Оттука и една обврска која што е итна пред Владата доколку во овој дел на зголемена потрошувачка сака нешто да се направи во делот на смалувањето кај самите потрошувачи. Инаку, само со тоа, што ќе се направат одредени напори за обезбедување на електрична енергија во поголем. обем за задоволување на сите потреби, сметам дека само ќе се предизвика и онака веќе зголемената потрошувачка кај граѓаните.

Посебно морав да потенцирам е тоа што во делот на редукциите самите големи потрошувачи сега веќе останаа големите производители, останаа на минимум на своето производство и сметам дека со една ваква мерка ќе дојде да се подели таа потешкотија помеѓу потрошувачите во стопанството и од граѓаните, а нема да има последици кај најмалите потрошувачи, односно кај граѓаните кои имаа и големи штети во делот на преземањето на редукцијата.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Пред се да кажам дека јас не сум стручен за оваа работа, меѓутоа ќе кажам само неколку зборови за тоа кои се мои одредени видувања во однос на разрешување на ова прашање. Не мислам за разрешување во моментов, туку тоа е малку подолгорочно прашање. Уште на почетокот да кажам дека повеќето од нас тука зборувавме секој од свој агол, тоа мора да го признаеме, секој зборуваше на своја страна, ги штитевме интересите на граѓаните кои што ги претставуваме овде. Па, и јас малку така ќе зборувам.

Овде беше кажано од некои колеги пратеници дека напуштањето на тарифниот систем е причина за оваа состојба.' Лично мислам дека 1ре е исклучително тарифниот систем бидејќи знаеме односно ако сме ги виделе сметките кога ги плаќаме(33,3% за ангажирана снага се плаќа,во сметката. Според тоа тарифниот систем мислам дека не е исклучително тука прашање

Кога сум тука да кажам дека ние оваа состојба зашто ја имаме ваква, мислам дека причината лежи во тоа што ние водевме една љубоморна политика во однос на развојот на енергетиката, посебно во користењето на хидроенергијата. Такви примери има доста, а јас само ќе го истакнам примерот од моето подрачје. Хидроелектричната централа "Бошков Мост" која што не е изградена, документационо е завршена пред десетина години. Меѓутоа, што правевме ние, реков и љубоморно се држевме, па така и остануваме да се држиме, станавме и ќе го градиме Козјак. Каде е Козјак? Ако беше изграден Бошков Мост сигурно е дека ќе беше исплатен, откако е завршен документационо и тоа завршен со сите работи. Зошто така се држиме љубоморно. Треба да изградиме таму каде што имаме економика. Економиката сите параметри беа дека Бошков Мост е поисплатлив во секој поглед во однос на Козјак и други

хидросистеми. Ако ние и натаму настојуваме така да се држиме тогаш сигурно е дека ваква состојба ќе имаме и понатаму и тешко дека ќе ја решиме. Знаеме дека порано ни беше полесно да ги решиме бидејќи бевме во систем таканаречен поранешен југословенски. Меѓутоа, сега знаеме дека не сме во тој систем иако сосема не сме исклучени.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:** (Продолжение)

Јас мислам дека развојната политика треба да биде поумна. Во иднина ако така се залагаме односно ако така работиме ќе немаме проблеми. Имаме доста води кои одат неискористени. Еве, јас имав прилика пред два три дена да разговарам случајно со претставници на Месната заедница Ѓари. Се понудив, во Гари има мала хидроелектрична централа, но не се користи само за една мала работа тие ја кажаа, но јас не се разбирам многу. Дали е табла или нешто друго, но грев е некој ќе рече за што ни е таа. Јас мислам дека нам ни се многу би?ни малите1 хидроцентрали. Без мала не може да има голема. На колку места ни пропаѓаат водните неискористени. Тоа е огромен потенцијал. Тука. треба да бидат насочени, па ако така се оцени со одредени тогашни студии да се бара решение и во запишување на акции за решавање на овој проблем. Мислам дека тука можеме да постигнеме резултати бидејќи акциите се знаат. Интересот ќе биде на граѓаните, па наместо да ги вложат на други места овде пласманот е обезбеден, кај хидроенергијата, кај акумулациите знаеме какви се работите може да се манипулира со количината, ја задржуваме не произведуваме, да се акумулира итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам развојот да го оставиме за друг пат што ќе градиме оти секоја општина претставниците ќе си кажат и ќе отвориме друга расправа. Треба да видиме сега за кризата.

Збор бараше господинот Наќе Стојановски.

XIII/2

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас излегов да кажам само некои свои размислувања за актуелната состојба во која се најде Република Македонија и во врска со информацијата на господинот министер по стопанство што ја слушнавме тука. Всушност за некои мои лични видувања од она што имаме информации за состојбите и искажувањата овде кои беа потенцирани на неколку пати дека се работи за криза во електроенергетскиот систем.

Веднаш да кажам дека од она што јас лично располагам како информација пред се добиена. од средствата за јавно информирања во овој период и фактичката состојба на теренот во непосредниот период рестрикциите' кои се однесуваат на потрошувачката на електрична енергија кај потрошувачите мислам!дека е;повеќе проблем на некоординирано работење на субјектите отколку што се работи за некаква криза во електроенергетскиот систем. Мислам дека првичниот проблем е билансните потреби на Република Македонија за снабдување со електрична енергија во периодот во кој се наоѓаме и непосредниот период беа билансирани со исклучување на неколку поголеми потрошувачи, пред се, на потрошувачот "ФЕНИ" кој не беше билансиран за овој временски период за електричната енергија што ја произведуваше нашата Република.

Се сеќавам дека при активирањето на металуршкиот комбинат "ФЕНИ" за Стартирање на објектот беше кажано дека во зголемено ниво на потрошувачка на електрична енергија во Република Македонија билансните потреби што ќе се јавуваат за потрошувачката на ФЕНИ ќе се обезбедуваат со активирање на Т.Ц. "Дубрава" во Неготино или евентуално ако тоа не се постигне тоа ќе може да се реализира со увоз

на електрична енергија од другите соседни земји. Фактичката состојба каква што ,ја имаме на теренот е таа што ни едната билансна потреба за тој голем потрошувач во овој момент не е реализирана ниту пак другото можно решение не е активирано. Можните причини за тоа можеме да ги бараме на повеќе страни. Веројатно активирањето на електричната енергана "Дубрава" од Неготино можеме да . ја образлагаме со познатите причини и состојби во кои се најде Републиката со увоз на нафта и нафтени деривати па оттаму и со мазутот во услови какви што ги имавме непосредно пред овој период, а исто така што не би рекол дека причина може да биде и девизните потреби за увоз на мазут затоа што тој потрошувач остварува девизен прилив од извозот што го остварува со реализација на ферониќелот феролбгурата во странство на девизниот пазар. Веројатно тука е затоа субјективниот фактор тоа благо- времено да се направи уште во услови кога нашата Република слободно комуницираше и можеше слободно да се набави на светскиот пазар таков мазут додека за другата релација на увоз на електрична енергија од странство познавачите на оваа проблематика се искажуваа дека не е направено од причини со тоа што увозот на електричната енергија од странство ќе чини двојно поскапо од онаа цена што моментално потрошувачите конкретно потрошувачот ФЕНИ го плаќа на Електростопанството на Република Македонија.

Оттаму, испаѓа ситуацијата да овој стопански објект и понатаму користи евтина електрична енергија а наспроти тоа се јавуваат редукции кај помалите потрошувачи и граѓанството во целата Република. Доколку ваквите состојби кои се веројатни од информациите што можат да се добијат од упатените луѓе во оваа проблематика можат да се надраснат со благовремена синхронизација на сите субјекти во реализација на оваа политика, а мислам дека и Владата во услови во кои и таа се најде

затечена со ваквите состој би ќе треба благовремено да реагира.

Тоа беше моето мислење кое сакав да го кажам и кое мислам дека треба да се има предвид евентуално да не се бараат и да не се замаглуваат причините за ваквата состојба дека тоа се кризни периоди, дека тоа го прави граѓанството во такви моментно со оптоварување на електричната мрежа затоа што ако навистина Република Македонија доаѓа во такви состојби да во поодделни зимски периоди кога се зголемува степенот на потрошувачката кај граѓаните како потрошувачи и стално тие да бидат виновни, мислам дека треба да се замислиме и оваа Република треба нешто да направи, нешто порадикално 1В0 таа насока.

Моја оценка дека таквите состојби не се вистинити затоа што Република Македонија има изградено и вложено доволно број на капацитети за производство на, електрична енергија ви за ви потрошувачката што ја има. Веројатно тука ќе треба да се усогласат состојбите со големите потрошувачи како што е ФЕНИ и другите во одредени периоди кога граѓанскиот конзум во Републиката се јавува како поголем потрошувач дел од електричната енергија ја набавуваат под одредени други околности притоа добивајќи приоритет граѓаните да можат да ги задоволат своите потреби.

При оваа прилика сакам да го поддржам искажувањето на господинот претседател на Собранието во врска со афирмативниот приказ на работењето Рударско енергетскиот комбинат во Битола, тоа се состојби кои се општо познати неколку години наназад и мислам дека РЕК "Битола" ви за ви сите актуелни состојби со кои се судруваат другите стопански субјекти во РМ успешно работи и понатаму со европски стандард.

XIII/5

Признанието на некој начин елоквентно издадено на оваа говорница можеби ќе значи само морален потстрек, но се придржувам и се придружувам на барањата искажани исто така од оваа говорница дека треба да се најде некое моментално решение за стимулативно наградување на тие работници кои, при една прилика имавме можност заедно со претседателот да слушнеме навистина се со депресивни лични доходи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

И денес се со истите.

Збор има господинот Симјановски.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, навистина се наоѓам во една неблагодарна ситуација сега во овој момент оваа ситуација ја критикуваме и даваме односно предлагаме одредени заклучоци. Единствена форма во овој момент би биле нашите размислувања за идното подобро работење на целокупната оваа гранка. Едното од тие мои размислувања ќе биде насочено кон програмата на заштеда и супституција на оваа енергија која мислам дека во Република Македонија навистина кон оваа проблематика не е обрнато доволно внимание. Тука имаме претставник од Електротехничкиот факултет, па можеби тоа ќе биде еден потстрек.....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема претставник ни од кој факултет, тој е пратеник овде.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Да, пратеник професор на Електротехничкиот факултет кој мислам дека поподбробно би работел на оваа проблематика.

Како мое размислување би искажал за оваа проблематика за буџетот за 1993 година би требало да се одреди посебна стапка со одредени средства кои мислам дека оваа Република ќе треба да ги даде.

Втора работа која сакам да ја истакнам оваа лоша состојба со електричната енергија е како резултат на низа години не вложување во изградба на електроенергетски објекти во целата Република. Дали е изградба на вакви објекти за продукција на електрична енергија од хидроенергија или за производство на електрична енергија од нафта, јаглен сепак политиката на Република Македонија беше детерминирана од повеќе фактори, но навистина на ова поле е малку вложено така што во наредниот период мислам дека повеќе ќе мора да се обрне внимание и тоа вложување ќе биде енергенс за покренување на целокупната градежна оператива и целокупното друго стопанство кое е конститутивен елемент во заокружувањето на процесот на производството на електричната енергија.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Јас се придружувам на оние ставови кои сметаат дека потребите на домаќинствата треба да бидат приоритетни, а против сум било какви рестрикции на таквите потреби и Владата треба во доменот на своите надлежности да спроведе ограничување на потрошувачката исклучиво во поголемите и големите потрошувачи во Република Македонија.

Прифаќам дека денеска нема зошто да зборуваме за развојни концепти, туку изразуваме политички став онолку колку може Парламентот да ја обврзе Владата тоа да го прифати.

Да резимирам, мојот став е дека оваа зима не би требало да има никакви рестрикции на потребите на домаќинствата.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, оваа точка на дневниот ред беше по наше барање и во текот на денот кога го поднесовме писменото барање се укинаа редукциите. Нормално беше дека и информацијата губи од актуелноста. Меѓутоа, со редукцијата настанаа две состојби со последици. При укинувањето на редукцијата беше кажано дека е таа неодговорно воведена и дека постои негова и нечија одговорност.

Втората последица е што настанаа штетни последици по корисниците на електричната енергија поточно настанаа огромни штети на апаратите за домаќинства на граѓаните. Оттука мислам дека сум многу јасен што го поставувам прашањето дали е утврдена одговорноста на тие што ја воведоа рестрикцијата и како ако веќе беше јавно кажано од Владата дека постои неодговорност како ќе се надомести штетата на граѓаните кои што ја претрпеа таа штета од воведените рестрикции. И сакам уште едно да укажам дека сега треба да му биде јасно на секому дека воведувањето на рестрикцијата и играте околу неа беше во тесна врска со кредитот на господинот Сорос.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Изгледа, треба да настанат некои штетни последици заради нечија немарност и непреземени мерки и активности за да сите го поставиме прашањето на дневен ред и отвориме расправа за проблемите и состојбите во областа во која се предизвикани тие штетни последици. Требаше Скопје да доживее ваква аерозагаденост за да расправаме кои се причините што граѓаните секојдневно се трујат и изгледа требаше да се направат редукции во домаќинствата кај потрошувачите на

електричната енергија за да го поставиме на дневен ред прашањето за состојбите со електроенергетскиот систем во Републиката и енергетскиот биланс на Република Македонија.

Токму заради актуелноста што ја предизвика ова прашање поконкретно ограничувањето на потрошувачката за снабдување со електрична енергија ,ме наведе, како и претходниот пратеник да укажам на прашањето за,одговорноста на лицата кои овозможија воведување редакција кај домаќинствата односно прв и втор степен на ограничување на потрошувачката на електрична енергија со оглед на тоа што и од потпретседателот на Владата Јован Андонов во оставка имавме, пред средствата за јавно информирање, укажување дека се предизвикани огромни штети заради ваквите неодмерени мерки што ги презела Омисијата при Министерството за стопанство за воведување рестрикција и редукција во снабдувањето со електрична енергија.

Од министерот во неговото излагање пред пратениците воопшто не бевме информирани кои беа причините што беа .превземени такви мерки и каква е одговорноста кај тие што ја донесоа и утврдија таквата мерка, имајќи го предвид фактот дека и од Електро - Македонија имало укажувања дека нема потреба од воведување редукции,пред се кај домаќинствата.

Затоа во контекстот на точката која е ставена, барам министерот да даде одговор на тоа прашање затоа што е нелогично Владата да не биде информирана за она што се случува во одделни работни тела на министерствата при таа иста Влада. Имајќи ја предвид актуелноста на точката, а тоа е Информација за состојбата со електричната енергија за која не добивме никаков писмен материјал ниту некакви мерки и предлози за разрешување на одредени состојби,како е дефинирана точката на дневен ред, сметам дека Собранието, покрај Информацијата

која дополнително треба да ни ја даде министерот за стопанство, да ја задолжиме Владата на Собранието да му поднесе програма за долгорочна стратегија за развој на електроенергетскиот систем со енергетски биланс на Република Македонија во кој ќе бидат утврдени мерки и активности кои би требало во одредена постапка да ги димензионира ц, преземе, со одделни финансиски ангажмани, Републиката за развој на електроенергетскиот систем со изградба или на нови електроенергетски капацитети односно објекти или со преземање на одредени мерки и активности.

**ТОДОР ПЕТРОВ** : (продолжение)

И во таа смисла создавање услови за изградба на електроенергетски објекти со кој што ќе се заокружи електроенергетскиот систем во Републиката. неговата поврзаност со, соседните држави, имајќи ја предвид досегашната ориентација за да може да се надминуваат вакви слични немили состојби во поглед на снабдувањето со електрична енергија и пред се да се има предвид искористувањето на постоечкиот воден потенцијал на Републиката со комбинирана намена на изградба на драми кои што ќе служат и за наводнување во земјоделството и за изградба на мали хидроцентрали, Вардар ни е ука, многу не искористена вода истече и сеуште си тече, а како Република воопшто не сме треселе никакви активности да се искористат тие води. Во рамките на тоа сакам министерот посебно да ми даде одговор во поглед на преземената одговорност на лицата кои што предизвикаа редукции во снабдувањето со електричната енергија што предизвика од една страна да се стави ова точка на дневен ред.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници сакам да изразам задоволство што воопшто ваква точка е опфатена во дневниот ред, а и воедно жалам што пратеничката група што ја предложи оваа точка, само троица овде присуствуваат. Инаку, сакам да кажам на почетокот неколку зборови во врска со досегашната стратегија за развој на електроенергетиката во Македонија, ако воопшто ја имаше. По мене таа се карактеризира со апсолутно отсуство на интерес за развој на оваа област и за пример само ќе кажам дека нашата Република 20 до 30% од расположливиот хидропотенцијал го користи во енергетски цели. Исто така, тука е многу важно што огромна инвестиција, на времето беше дадено за развој, за

градба на термоелектраните во Косово, кои тие пари можеа да се искористат за развој на неколку хидроелектрани во Македонија. Исто така јас на овој проблем гледам на прво место, иако сум електроинженер по струка, од политичка гледна точка зошто од неколку аспекти, од политичка смисла е многу битна оваа област. Прво, не можеме никогаш да зборуваме за една суверена држава да егзистира, доколку истата таа е енергетски зависна од некого. Ценам дека до пред неколку години со оглед на тоа што се земаше огромна енергија од останатиот дел на бившата СФРЈ, ценам дека апсолутно не беше водена стратегија за енергетско осамостојување на Република Македонија и второ, поврзувањето на електроенергетскиот систем на Македонија, исто како и поврзувањето во сообраќајот, како железничкиот така и патниот, поврзувањето на :поштата, значи таквото поврзување во електроенергетскиот систем :беше исклучиво во правец север југ. Македонија можеше да се развива и да комуницира, исклучиво со Србија и со Грција,' а се со цел во вакви пресудни моменти за нашата држава да бидеме од нашите северни и јужни соседи ставени во состојба на зависност. А тој што е зависен енергетски ќе биде :зависен и во политички и во секој друг смисол. Само колку да го поткрепам ова мое тврдење ќе кажам дека на високо напонската мрежа Македонија со 400 Киловолтни далекoводи е поврзана со Србија и со Грција со 220 киловолтни далекoводи е поврзана со Србија со 150 киловолтен далековод е поврзана со Грција, со 110 киловолтен далековод е поврзана со Србија. Единствено источно и западно гледано во Струмица има еден далекувод 110 киловолтен према Петрич и тоа е целата развојна стратегија на Македонија СОЈ соседите од војната па наваму. Жалосно е што со една држава која што располага со огромен хидропотенцијал, каков што е Албанија што воопшто не сме поврзани во електроенергетски смисол. Доколку бевме поврзани тврдам дека ќе

имавме ние сега многу постабилен електроенергетски систем и на многу по безболен начин ќе ги решававме сега овие проблеми што се јавуваат.

Беше кажано овде дека имаше редукции и порано, но тие редукции престанаа не по наша некоја доброработење, туку едноставно што Македонија енергетски се поврза заедно со останатата бивша СФРЈ во системот на УТПТЕ на Европа и со тоа со зголеми стабилноста на македонскиот систем. Поради тоа, престанаа честите распади на електроенергетскиот систем, како и се зголеми стабилноста на нашиот систем, така од тие основни причини престанаа редукциите кои што беа на сила до некаде до 1984 година.

Исто така, сакам да истакнам дека многу значаен момент за развојот на нашата енергетика по мене лично претставува 1989 година, односно хаваријата во Термоелектраната Битола III поради дефект на електрофилтерот и воведувањето принудни мерки во термоелектраната. Термоелектраните Битола кои што дотогаш работеа на многу ниско ниво, со чести испади, морам да кажам и тоа , иако сме идеолошки противници со господинот Андонов, дека исклучиво само по негова заслуга и заслугата на принудниот одбор, ние денеска имаме европски квалитет во работењето на термоелектраните во Битола и што за мене е главен фундамент при ова наша желба за самостојна и независна Македонска држава. Да потсетам и тоа дека главна е политиката во енергетиката, а исто така и уништувањето на Српско - Хрватската војна на трафостаницата Ернестиново што беше најзначајна за поврзувањето на бившата СФРЈ со Европа, во енергетски смисол, што е незамисливо, иако и двете страни и српската и хрватската имаа невидена корист од тоа поврзување. Иако се водеше војна, тоа беше пред крајот на

српско-хрватската војна, иако се водеше војна меѓу Србите и Хрватите, електроенергетскиот систем меѓу тие две држави функционираше и секојдневно нудеа по 300 мегавати од Србија во Хрватска. Но, ценам дека тоа е намерно направено, намерно е уништена таа трафостаница која беше витална за поврзувањето на бившата СФРЈ со Европа со цел да се раздвои електроенергетскиот систем на бившата СФРЈ, односно да имаме состојба каква што е сега, да работат во системот Србија,Црна Гора, Македонија и нормално Грција, како посебно слепо црево на Европската заедница. Ценам дека на тој начин беше и стратегијата на големо - српското раководство Македонија во една ваква ситуација да ја држи во зависност.1 Инаку би сакам само да кажам неколку збора за структурата на капацитетите, а се со цел за да ви стане јасно зошто ги предлагам предлог - заклучоците, кои се надевам дека Владата ќе ги има предвид во своите чекори наредните денови и што мора да ги преземе. Македонија располага со три термоелектрани во Битола, една во Осломеј и една која е ладна резерва во Неготино, а со сите тие три вкупно имаме производство околу 700 мегавати, саатно, што не ги задоволува потребите, барем во моментот сега ако гледаме колку што е потрошувачката сега 200 до 250 мегавати. Но, значењето на хидрообјектите е во тоа што при било кој распад на системот, тие веднаш можат да бидат повторно ставени во погон, додека ако термообјект, кој што е главен носител на производството се распадне потребно е да поминат барем десетина часови за повторно да ги постигне бараните параметри и да биде синхронизирана мрежата. Од тука резервите што во моментот ги имаме од околу 49 киловат часови

хидро енергија, по мене се не минимум, туку под сите можни минимуми резерви и доколку не преземеме мерки тие резерви да ги сочуваме за некој распад или распаѓаше на некоја од термоелектраните во наредните денови ние ќе ја доведеме Републиката во една катастрофална ситуација л од енергетски поглед. Инаку, колку за поткрепа на моето тврдење ќе кажам дека во текот на изминатата 1992 година овие четири термоелектрани трите во Битола и Осломеј имаат вкупно заедно 35 испаѓања. Триесет и пет испаѓања кога ќе се поделат месечно, тоа доаѓа околу 3 испади на термоелектрани во текот на еден месец; Ако кај нас овде во Македонија испадне една од тие термоелектрани, што е многу веројатно, бидејќи статистиката покажува дека трипати месечно испаѓа термоелектрана, ние веднаш ќе бидеме доведени во ситуација само на една термоелектрана во Битола да преземеме страшни рестрикции и редукции, како во стопанските субјекти така и во широката потрошувачка, во граѓанството, а со голема веројатност да се случи и распад на комплетниот македонски електроенергетски систем, бидејќи со исклучувањето, односно со уништувањето на трафостаницата Ернестиново, со исклучувањето од Европскиот систем, многу е намалена стабилноста во работењето на нашиот систем и нормално зголемена е зависноста од соседните два система од српскиот и од грчкиот. Исто така, многу беа споменети овие рестрикции, мора да се каже , по мене дилетанска беше одлуката за воведување на рестрикции на ниско и средно напонската мрежа, од причина што ценам дека не беше сослушан зборот на електростопанствениците, од причини што опремата со која што располагаат средно и ниско напонската мрежа, карактеристиките за работа се дефинирани и пропишани за работа при временски услови од

5 до 40 степени, со оглед на температурите јасни се и штетите што настанаа во ниско напонската и средно напонската мрежа. Исто така, сакам да кажам и тоа дека од 5.1. имам една статистика Македонија троши од 2 милиони дневно киловат часови од хидропотенцијалот, тоа е случај последниве денови, додека на 5 и 6' потрошувачката одеше од 4 до б милиони. Тоа кажува дека ако продолжиме со ова темпо на искористување на хидропотенцијалот имаме резерва за само уште 20 дена, со тоа што ако ни се случи да работат беспрекорно термоелектраните, што јас лично се сомневам и верувам дека сигурно ќе дојде до некој распад од причина што!и самата конфигурација на мрежата е таква што и тие се доста зависни од структурата на мрежата. Три термоелектрани во Битола, тоа се 630 мегавати, исклучиво зависат од еден далековод Битола - Дуброво, 400 киловолта, што е незамисливо за стабилноста на мрежата. Доколку овие поранешни раководства имаа барем малку осет за развој во оваа област, беше многу лесно со еден 400 волтен далековод да се поврземе со Албанија и сега немаше да имаме една ваква ризична ситуација. Ценам дека Владата сите овие работи што ги изнесов има предвид и дека ќе мора ефикасно да реагира во наредните денови. Ако не се случи тоа одиме на ивица по мене на катастрофа. Сметам дека до колку се затопли времето, доколку се истопат овие снегови се предвидува дека имаме резерва околу 70 милиони киловат часови од овие снегови сега што паднаа, ценам и доколку се зголеми нивото на хидропотенцијалот дека тој и понатаму не смее да се дира, зошто колку за информација пред две години ова време имавме хидропо- тенцијал многу - многу поголем. Ќе кажам уште неколку збора каде јас го гледам излезот во врска со тоа понудив и четири заклучоци. По мене од денеска мислам треба под итно да се забрани

најригорозно користење на хидроенергијата и работата на хидроцентралите. Исклучиво во случај на испаѓање на некоја од термоелектраните или не дај боже распаѓање на енергетскиот систем само тогаш може да биде дозволена работа на овие стратешки објекти. Понатаму за мене е смешно кога ќе чујам на телевизија апели, каде што се апелира на совеста на граѓаните да штедат електрична енергија итн., сметам дека треба еднаш да престанеме со тие работи, со такви апели треба да создадеме претпоставки и услови граѓаните да бидат доведени во ситуација да штедат. По мене многу поголем ефект ќе има на пример една мерка да се определи една одре,дена квота киловат часови за едно домаќинство, колку ќе биде тоа може да процени Владата, нормално во консултација со електростопанствениците, со стручњаците од таа област и секој што ќе потроши над таа квота може да се плаќа 4 до 5 пати поскапо. А инаку би ги спомнал тука заложбите на некои дискутанти дека цените се ниски, требаат светски цени. Сметам дека ние немаме светски стандарди на животот за да воведуваме светски цени и да го оптоваруваме така тенкиот буџет на населението. Ценам дека може да се одреди една квота на киловат часови, а над таа квота, тоа е пример и во други држави, да биде драстично поскапа цената на киловат часот. Исто така, сакам да кажам дека главен по мене излез од оваа ситуација е под итно набавка на мазут и стартување на термоелектранаата во Неготино, која всушност е направена за вакви моменти кризни. Може да биде поскапа таа енергија, но најскапа е таа што воопшто ја нема. А, и за

стабилноста на работењето на нашиот електроенергетски систем е од многу големо значење во овие моменти високата оптовареност на далеководите, работењето на оваа термоелектрана, Со 1000 тони мазут по некои мои пресметки ценам дека 20 дена ќе можеме да го замениме ваквото работење на хидропотенцијалот што во голема мерка ќе придонесе за надминување на состојбата.

XV/1/лп/см

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ**: (Продолжение).

Ако веќе мора на некого да се врши редукција, по мое мислење, тоа; се големите потрошувачи, пред се Железарница, Југохром, Фени, а посебно Железара од причина што постои голема несообразеност на технолошкиот процес во нивното работење. Тие се во состојаба за час т,да повлечат голема снага, час да намалат, а овој наш електроенергетски систем тоа не може да го поднесе.

Симптоматично е по мене, кога ќе се види и составот на таа владина комисија која одлучила за редукциите, јасно^ќе б&де зошто донела таква одлука. Во таа комисија има членови од Југохром, Железарница, Охис, Бучин, Тетекс, а од Електростопанство има само еден или двајца членови. Јасно е дека во еден 'таков состав на Комисијата чии став ќе биде наметнат.

Исто така, тука кажаа некои пред мене за работењето на ТЕ Битола. Според мене вработените во ТЕ Битола во моментот се нај-Заслужните за оваа независност и самостојност на нашата Република и ако може:како држава барем не со пофалби, туку да ги наградиме ефективно, со платите или нешто да се најде во таа смисла. Инаку, како што кажа господинот Тодор Петров неопходно е утврдување во наредниот период, во наредната година дена, развојна стратегија на ова поле, со оглед на тоа што капацитетите се тие истите, хидроцентрала не е направена во последните 20 години, а потрошувачката од година во година расте. Доколку ние не утврдиме развојна стратегија, доколку не финансираме во таа развојна стратегија, ценам дека не очекуваат многу лоши времиња. Исто така, по мое мислење многу е важно за нашата самостојност како држава под итно да се зафатиме со решавање и со поврзување на нашиот електроенергетски систем со соседите, пред се мислам на Албанија, зашто со еден 400-киловатен  далекувод од Битола.

спрема Албанија не само што ќе ја зголемиме стабилноста во работењето на термоелектраните во Битола, туку во вакви услови ќе можеме од една соседна земја со која имаме многу добри односи да бидеме помогнати да ги надминеме овие состојби.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Господа пратеници, јас пред се го поздравувам излагањето на господинот претседател во однос на решавањето на проблемите за електроенергетскиот систем и тоа како. Јас доаѓам од директното производство на ТЕ Осломеј. Кога кажа во излагањето дека работниците кои се занимаваат со' откуп на рудата и со работата во термоелектраната, тоа беше за поздравување и дека треба да се наградат. Не да се наградат на еден начин што ќе им се даде чест дека ве наградуваме туку да се наградат во права смисла, затоа што таму личните доходи кои на почетокот беа меѓу најголемите сега се скоро на ниско ниво, а замислете кога велиме ние дека правиме редукција на електричната енергија, |а редукцијата не се однесува на ништо друго туку во едни такви тешки услови да се одржи една термоелектрана да работи односно преносниот систем со траки кои мрзне секој момент, да се одржат, да работат и да функционира една таква термоелектрана, особено во Битола каде што имаше температура и под 32°c, а кај нас во Кичево имаше повеќе од 20°C под нулата. Тоа е еден од условите за работа на термоелектраната. Други услови за работа на Термоелектраната се тие што ние знаеме дека тие термоелектрани се направени со странски средства и потребни се многу пари за одржување на тие термоелектрани бидејќи парите се многу тешки да се обезбедат на еден таков начин, јас мислам дека само на таков начин можат да работат овие термоелектрани и да има работа со нив. Додека за ТЕ

Неготино можам да речам дека од времето на постоењето таму во Осломеј постојано се зборува дека треба да се обезбеди мазут, но само во вакви кризни ситуации тоа го бараме. Меѓутоа, тоа треба да се бара во време кога нема ваква кризна ситуација таа термоцентрала да биде активирана и да функционира онака како што треба да функционира во кризните моменти.

Сполај ми.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани пратеници, се надевам дека нема да ве заморам повеќе од тоа што е потребно во името на самиот Парламент, заради тоа што  на почетокот зборував многу кратко и тоа кратко зборување го врзав со изјавата дека сметам дека проблематиката доволно добро се познава и дека од денешната, наша расправа навистина треба да излезе некаков конструктивен предлог во рамките на правата што овој Парламент ги има. Меѓутоа, од дискусијата испадна дека ние како Парламент навистина излегуваме; сосема неспремни да расправаме по точка која што е ставена на дневен ред, надвор од нашите права и обврски како парламент, меѓутоа, откога дојде веќе треба како Парламент сериозно да и посветиме внимание, ако ништо друго да зборуваме барем стручно и да зборуваме објективно.

Овде беа кажани работи на десетина кои не би сакал воопшто да ги коментирам, од тоа на пр. дека енергијата што ја влечеме од надвор е многу поскапа отколку внатрешната енергија, а можам да ви кажам дека некои наши големи потрошувачи енергијата на Електростопанство му ја плаќаат по 2,6 центи, а енергијата од Србија е 2,4 центи. Овдека беше кажано дека решението ние би го нашле во тоа што би се вовела рестрикција кај големите потрошувачи, а ве уверувам и со бројки дека

големите потрошувачи влечат само 15% од вкупната потрошувачка, дека сето останато се должи на широката потрошувачка. Овдека беа кажани зборови дека моментално ни треба ангажирана моќност од 250 мега вати, а ние моментално имаме ангажирано 750 мега вати и спасот е само во тоа што, за да го обезбедиме системот и постојаното снабдување мора да ангажираме дополнителни од надвор 100 до 150 мега вати. Овде беше кажано дека бил проблемот што немаме врска со Албанија итн. Со три збора би сакал да ја поставиме правата дијагноза. Ние зборуваме за актуелен проблем, не зборуваме за хронични проблеми со сите енергенси на кои што само накратко се навратив.

А тој актуелен проблем е моменталниот недостиг на електрична енергија во Република Македонија, кој што се должи само на три основни причини.

Првата и основна причина сушниот период во минатите години кој придонесе да осранат полупразни акумулациите и да немаме доволно хидроенергија за да работат нашите хидроелектрани на кои пред 10 - 15 години Исклучиво се потпиравме.

Вториот проблем, за кој што зборуваше овде и Наќе Стојановски Душко итн. е што имаме вклучено производни капацитети кои треба да бидат вклучени само ако е во погон ТЕ Дуброво.

И третиот кој што е за мене апсолутно најкритичен и основен причинител за оваа причина, е енормното зголемување на широката потрошувачка, која во однос на минатата година се зголеми за 70%. Тоа од прилика со најобични зборови значи следното: Во овие сега критични денови, заради ваквото енормно зголемување на широката потрошувачка од 70%, ние би требало да имаме плус 70% на капацитети од сегашните што ги имаме. Значи, три блока РЕК Битола треба да имаме, мавровските хидроцентрали, Тиквеш итн.

Според тоа, ако се тие трите основни причинители, барем како Парламент сериозно треба да сугерираме што може сега да се направи. Вода да наполниме во акумулациите не можеме да сугерираме на Владата. На Владата можеме да сугерираме да преземе мерки, и затоа на почетокот беа споменати само тарифи, да преземе мерки со кои ќе се дестимулира широката потрошувачка да ја троши електричната енергија која што е многу поевтина од сите други енергенти, да се преориентираат на дрва или на било кој друг енергенс кој е многу подостапен на нашиот пазар и кој што и инаку е многу поисплатлив и поевтин.

Втората работа е: Во оваа критична ситуација заради тоа што не смееме да дозволиме таква несигурност, да висиме само на врските со соседните земји за дополнителните 100 - 150 мега вати кои можат да го одржуваат системот, е под итно за најкраток период да се вклучи во погон ТЕ Дуброво. Ние тоа може да сугерираме да се отстранат од трите, двете можни®причини во догледно време, со тоа што тоа што го предлагам^ во поглед на промена на тарифите не може да вроди со резултат за еден месец, за три месеци. Може евентуално за идната година да се изврши дестимулација на широката потрошувачка, да не ја користи сегашната евтина електрична енергија.

Сакам да дадам уште една напомена, а тоа е следната: она што зборуваше претседателот Андов, заради тоа што минатата година ги поминав сите термоелектрани, повеќе од половината хидроелектрани и тука се направи една ненамерна неправда од страна на претседателот заради тоа што во извонредна погонска состојба се сите хидроелектрани во Република Македонија, несреќата е таа што немаат доволно вода да произведуваат доволно електрична енергија.

XV/6

Сакам да укажам следното, Тој подвиг што го прави РЕК Битола и Осломеј и тој подвиг што го прават дистрибутивните организации е навистина подвиг не затоа што имаат европски резултати, туку и затоа што минатата година и неколку години station наназад се нема воопшто правилен третман кон одржувањето во електростопанството од страна на државата заради тоа што не се обезбедени доволно предуслови да се обезбедат девизни средства или други средства со кои ќе се има постојано во резерва опрема за главните ремонти и за тековното одржување.

Затоа, би апелирал на овој проблем посебно да му се обрне внимание заради тоа што ние можеме да го ставиме Дуброво во погон и да ги надоместиме овие 100 до 150 мега вати ангажирана моќност што ни треба, меѓутоа, замислете ако заради овие недостатоци испадне само еден блок во РЕК Битола, тогаш ќе се најдеме во уште потешка ситуација.

Затоа, како трет битен елемент што би го препорачале ние на Владата, ние не можеме ништо друго, како што беше овде кажано, во Парламентот, Парламентот да даде наредба да се исклучуваат хидроелектрани итн., тоа е едноставно незамисливо. Според тоа, ние може да препорачаме соодветен пристап на државата кон електро-стопанството, кон сите производни енергетски капацитети да се обезбедат средства за соодветно одржување, заради тоа што поради тој несоодветен пристап може и од тоа што е сега во погон, дел од електраните да испаднат и да се најдеме во уште полоша ситуација.

Денес не можеме ние апсолутно да расправаме за развој, што било и како било, затоа што знаеме дека бевме во еден заеднички општо југословенски систем и се што е развивано е развивано да биде компатибилно со тој систем. Ние се наоѓаме во сосема друга ситуација

и мора да воспоставиме сосема нова развојна стратегија која што не се прави на седница на Парламент и не се прави токму на денешната седница. Денес можеме да ги сугерираме исклучиво тие две работи за кои зборував.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Ќе бидам многу краток, бидејќи се чувствувам повикан за две работи од мојот ценет професор од факултетските денови, а се однесуваше на моето искажување во врска со ангажираната снага дека 750 мега вати е моменталната состојба и поврзувањето со Албанија. Од сето тоа што го изнесе јас се чувствувам повикан иако не ме спомна по име и презиме.

Сакам да кажам дека очигледно тоа е од немање податоци, затоа што акоимаше податоци професорот немаше овие работи да ги каже.

Ќе дадам податоци денес од сабдјле кога е најнизок конзумот, од полноќ од еден часот па до седум часот потрошувачката на електрична енергија се движеше од 825 мега вати - ова се денешни бројки, од денешниот ден - 814, па дури потоа во тие два три часа кога е нај- ниска потрошувачката е 750. Тврдам, а кој не верува може да се јави на тел. во Диспечерскиот центар на Електростопанство на Македонија и да знае точна бројка, дека е меѓу 950 и 1000 мега вати потрошувачката на Република Македонија во сегашниот момент. Тоа значи, ако ги иземеме тие 750 мега вати термо база што ја имаме, и оние 100 мега вати што од Србија почнавме да ги земаме после посетата на господинот Андонов, на потпретседателот на Владата, тоа значи дека ние сега хидро база трошиме, господине Ханџиски.

И уште нешто, за поврзувањето со Албанија, со тоа што не се поврзуваме 400 киловатно со Албанија, како прво се доведуваме во ситуација да зависиме од Србија и Грција и како второ, не дај Боже сега во моментот некоја чавка да прелета и случајно да удри во далекуводот Дуброво, ќе имаме 600 мега вати помалку.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Никој тоа не вели.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Очигледно јас сум виновен за некои работи, меѓутоа, морам да исправам една работа. Друго е во даден момент да ти требаат вати, но просечно во текот на 24 часа ни требаат 750 мега вати, а просечно ни недостасува 100 до 150 во тек на 249 часа и тука е бетон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Затоа инсистирав да не правиме испади во развојот. Видете, во развојот еве што дојде: Господин Ајдарага кандидира веднаш да се гради Бошков мост, господин Петров - градете, се разбира. Господин Пановски да се поврземе со Албанија и Бугарија, а забораваме дека ние фактички 7-8 години немаме пари ништо да градиме и ништо не сме граделе и дека кога градевме беа странски средства па од таму добивме Дури, и со Грција и со Србија што сме поврзани, тоа се пари од Европската заедница, тие не се наши пари. Така што тие работи да ги оставиме друг пат да ги расправаме со развојот. Секое поврзување со Бугарија беше зависно од припадноста на Бугарија на системот на СЕВ, каде ние немаме врска со нив требаше да се направи меѓудржавна спогодба. Дали имало интерес за тоа итн. тоа се други работи, и еден ден ќе ги расправиме, кога ќе дојде на расправа комплексот на енергетика овде.

Она што денес треба да направиме, јас не сум толку паметен како да заклучам, а морам да ви кажам да не преземеме обврска Собранието да ги решава тековните кризи во енергетиката, во електроенергија, тоа не смееме да го направиме.

Пред да заклучам, министерот Петруш Стефанов нешто сака да каже. Да му дадеме нему збор, можеби ќе ни помогне како да заклучиме а потоа пак јас сум должен тоа да го формулирам овде.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Почитувани пратеници, јас знам дека сте доста заморени, но еве да кажам неколку зборови пред претседателот да заклучи во врска со оваа информација.

Да кажам дека Комисијата работи по писмено барање на Електростопанство на Македонија. Електростопанство на Македонија се обрати до Министерството за стопанство односно до Комисијата и побара воведување на соодветен, степен на редукции поради тоа што имаше разлики меѓу расположливата енергија и потрошувачката. Расположливата енергија тогаш изнесуваше 18 милиони киловат часови на ден. Потрошувачката во деновите кога температурите беа многу ниски достигна и до 22 милиони киловат часови електрична енергија, значи повеќе од 20% имаше недостиг.

Јас присуствував на две или три седници на Комисијата. Немам право да одлучувам, немам право да гласам. Претставниците на Електростопанство на Македонија бараа домаќинствата и широката потрошувачка да бидат исклучувани секој втор ден по 15 часа. Другите членови на Комисијата не го прифатија тоа. Заседаваа неколку денови со саати.

XVI/1.- НН-ВБ

**СТОЈАН АНДОВ**:

Ве молам, работата на Комисијата е внатрешна работа на Комисијата. Тоа дали е прашање и на Владата, а не на Собранието.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Во ред. Бидејќи беше побара одговорност од Комисијата јас побарав од нив писмен извештај и тој ќе ми биде мене доставен како на министер за стопанство кој што ја формира таа комисија.

Исто така сакам да кажам дека Владата беше информирана за состојбите во снабдувањето со електрична енергија на седницата одржана на 8 јануари 1993 година. Владата во своето соопштение од таа седница искажа дека е запозната со состојбите и укажа дека е потребно штедење и рационално !трошење на електричната енергија.

Погледајте го соопштение од, седницата н!а Владата одржана на 8 јануари

На 8 јануари вечерта и јас се сретнав, ова морам да го кажам како сака нека се толкува, со министерот за индустрија, енергетика и рударство на Република Србија. Побарав хавариска помош. Затоа што таков вид на помош не подлежи на санкциите на Обединетите нации. Беше кажано штом нивната термоцентрала Дрмно влезе во погон, очекуваат за ден или два да влезе во погон дека ќе почнат да ни испорачуваат соодветни количини. Тоа и го сториле, а тоа што се совпаднало со одењето на Андонов таму, веројатно .е случајност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? Не бара

Бидејќи никој друг не бара збор, предлагам да заклучиме пишаните прилози што се дадени како предлог на заклучоци и се што е кажано на оваа говорница со стенографските белешки да се дадат на Владата за натамошна постапка. Да види што може да искористи и кои сугестии да ги прифати, кои да ги отфрли итн.

Дали се согласувате со предложениот заклучок? (Се согласуваат).

Дали се прифаќа заклучокот? (Се прифаќа)

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Педесет и четвртата седница.

(Седницата заврши во 16,55 часот)